ООУ „Стојан Бурчевски-Буридан”, с.Иванковци-Велес
тел. 043/253-185, e-mail: stojanburcevski@yahoo.com

# Годишна програма за работа на

# ООУ „Стојан Бурчевски Буридан“ Иванковци, Велес



## за учебната 2023-2024 година

**Иванковци**
**Август 2023 година**

# ГОДИШНА ПРОГРАМА
# ЗА УЧЕБНАТА 2023-2024 ГОДИНА

## ПРЕАМБУЛА

Општинското основно училиште **Стојан Бурчевски Буридан с. Иванковци– Општина Велес** како дел од државниот воспитно-образовен систем со кој се уредува дејноста на основното училиште е институција од јавен интерес.

**Годишната програма за работа**, се изготвува врз законска основа за донесување на Годишната програма за работа на општинското основно училиште, која е регулирана врз основа на:

- Член 49 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19),
- Член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (Службен весник на РепубликаМакедонија“ бр. 58/2000 и 44/2002),
- Решение за изменување и дополнување на наставниот план за воспитно-образовната дејност донесено од страна на Министерот за образование и наука,
- Член 36 став 6 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија“ 5/02).

**Годишната програма** на училиштето претставува основен документ во кој се испланирани сите педагошки активности, одредени задачи и цели, како и начинот на координирање на сите дејствија на педагошките субјекти во училиштето, непосредно и општествената заедница и истата се темели на законски одредби во целокупното нејзино планирање и дејствување.

## Годишната програма е краткорочен развоен документ и се базира на:

- Законот за основно образование(Службен весник на РСМ, бр.161/2019);
- Закон за работни односи, Закон за јавни набавки;
- Закон за наставници и стручни соработници;
- Под-законски и интерни акти(Кодекси, деловници за работа на органите,правилник за работа на комисиите, правилник за дежурства на наставници, правилник за работно време и друго);
- Наставните планови и програми за основно образование;
- Концепција за деветгодишно образование;
- Статут на училиштето’
- План и програма за развој на училиштето;
- Програмата за работа на училиштето од претходната година;
- Самоевалуацијата на училиштето;
- Основните професионални компетенции на наставниците и стручните соработници;
- Други извештаи (годишен извештај на училиштето од претходната учебна година, од самоевалвација, програма за развој, извештај од интегрална евалуација, извештаи за финасиското работење на училиштето),записници и друго

## СОДРЖИНА


| | | |
|---|---|---|
| | Вовед ........................................................................................................ | 4 |
| 1 | Општи податоци за основното училиште ................................................... | 5 |
| 2 | Податоци за условите за работа на основното училиште .......................... | 6 |
| 3 | Податоци за вработените и за учениците.................................................... | 8 |
| 4 | Материјално-финансиско работење на основното училиште ..................... | 12 |
| 5 | Мисија и визија ............................................................................................ | 12 |
| 6 | „Lessons learned“- Веќе научено / стекнати искуства .................................. | 13 |
| 7 | Подрачја на промени, приоритети и цели .................................................... | 13 |
| 8 | Програми и организација на работата во основното училиште .................. | 15 |
| 9 | Вонаставни активности ................................................................................ | 21 |
| 10 | Ученичко организирање и учество ............................................................. | 22 |
| 11 | Вонучилишни активности ............................................................................ | 22 |
| 12 | Натпревари за учениците ............................................................................ | 23 |
| 13 | Унапредување на мултикултурализмот/меѓуетничката интеграција ........... | 23 |
| 14 | Проекти што се реализираат во основното училиште ................................ | 24 |
| 15 | Поддршка на учениците ............................................................................... | 24 |
| 16 | Оценување ................................................................................................... | 25 |
| 17 | Безбедност во училиштето .......................................................................... | 28 |
| 18 | Грижа за здравјето ....................................................................................... | 28 |
| 19 | Училишна клима ........................................................................................... | 29 |
| 20 | Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар .......... | 30 |
| 21 | Соработка на основното училиште со родителите/старателите ................ | 32 |
| 22 | Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште ................. | 33 |
| 23 | Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште | 34 |
| 24 | Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште | 35 |
| 25 | Заклучок | 35 |
| 26 | Комисија за изработка на годишната програма | 36 |
| 27 | Користена литература | 37 |

# ВОВЕД

**Програмата за работата на училиштето за учебната 2023/2024 година** е документ во кој е испланирана работата на училиштето во сите области на работење и во нејзиното изготвување учествуваа директорот, стручната служба, наставниците и административниот кадар.
Годишната програма за работа претставува оперативен план за работа, со кој е програмирана целокупната работа во училиштето.
Со годишната програма за работа на ООУ„Стојан Бурчевски Буридан“ Иванковци за учебната 2023/2024 година се утврдуваат местото, времето, начинот и носителите за реализација на планираните програмски содржини, цели и задачи, редовни и изборни програми, дополнителна, додатна настава, воннаставни и вонучилишни активности, културни и јавни манифестации, здравствено-социјална и еколошка заштита на учениците, како и други специфични активности што ќе се реализираат во интерес на учениците,истите ќе се внесат во пропишаната педагошка документација и ќе бидат составен дел од планот и програмата за работана училиштето.
Директорот и управните органи, како и стручните органи и тела, постојано ќе се навраќаат на годишната програма за работата на училиштето, со цел да ја проверат и анализираат состојбата во врска со реализацијата на зацртаните активности, со можност за промени и дополнувања, а се во насока на подобрување на воспитно-образовниот процес.
Составен дел на годишната програма за работа ќе бидат и инструментите за следење, анализирање и вреднување на остварените содржини од овој план и програма.
Годишната програма на училиштето претставува основен документ во кој се испланирани сите педагошки активности, одредени задачи и цели, како и начинот на координирање на сите дејствија на педагошките субјекти во училиштето, непосредно и општествената заедница.
Таа се темели на законски одредби во целокупното нејзино планирање и дејствување.
Низ програмата се разработени и конкретизирани воспитно-образовни задачи, синхронизирани се сите работни дејствија,организиран е начинот на следење и информирање за квалитетот на извршените задачи се со цел објективно вреднување на постигнатите резултати.
Сите активности содржани во годишната програма ќе се одвиваат во меѓусебна координација на сите интегрирани учесници во училиштето. На тој начин во континуитет се обезбедува соодветно влијание врз учениците, перманентно се подобрува квалитетот на образовно - воспитните активности и се создаваат поволни услови за сестран и слободен развој на личноста на ученикот.

Со следење на **годишната програма** за работа ги воочуваме квалитетите во работата, но и потреба од поставување нови повисоки цели и приоритети.
Основна задача на нашето училиште е воспитно – образовните потреби да се прилагодат на средината со цел квалитетно подучување и ангажирање на учениците во креативни процеси со конкретна примена.
Настојуваме и се стремиме да обезбедиме висок степен на одговорност и професионалност на сопствениот кадровски потенцијал во извршувањето на поставените задачи и цели, прилагодувајќи се на основните услови кои ги имаме во училиштето.
Придржувајќи се на поставените елементи во годишната програма за работа на училиштето полесно ја исполнуваме својата работа во целост во програмскиот и организацискиот дел.
Сите внесени содржини во годишната програма за работа за учебната 2023/ 2024 година се во согласност со законските промени, ревидираните наставни планови и програми, со подзаконските акти и другите акти со кои се регулира животот и работата во училиштето.

## 1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ООУ „ СТОЈАН БУРЧЕВСКИ БУРИДАН “ с. ИВАНКОВЦИ

**ООУ „СтојанБурчевскиБуридан“ Иванковци-Велес** опфаќа широко рурално подрачје (одалечено едно од друго населено место и до 10 км. додека од градот Велес 20 км.), кое ги прибира сите обврзници за редовно деветгодишно основно образование од населените места: с.Иванковци с.Мамутчево, с.Кумарино, с.Сујаклари и с.Отовица.

| Име на училиштето | ООУ„ Стојан Бурчевски Буридан “ с.Иванковци | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Иванковци** | **П.У Сујаклари** | **П.У Мамутчево** | **П.У Отовица** |
| **Место, општина** | Иванковци, Велес | Сујаклари, Велес | Мамутчево, Велес | Отовица, Велес |
| **Телефон** | 043 253 185 | | | |
| **Вебстраница** | www.stojanburcevski.edu.mk | | | |
| **Е-маил** | stojanburcevski@yahoo.com | | | |
| **Основано од** | 08-2264/223.10.1965 | 08-2264/223.10.1965 | 08-2264/223.10.1965 | 08-2264/223.10.1965 |
| **Верификација број на актот** | 10-1408/7 | 10-1408/7 | 10-1408/7 | 10-1408/7 |
| **Верификација** | 08.06.1995 година | 08.06.1995 година | 08.06.1995 година | 08.06.1995 година |
| **Година на изградба** | 2011 година | 1954 година | 2001 година | 2012 година |
| **Тип на градба** | модуларно училиште | тврда градба | тврда градба | модуларно |
| **Површена на објектот** | 200 м$^2$ | 540 м2 | 206 м2 | 90 м2 |
| **Површина на училшниот двор** | уреден училишен двор 75м$^2$, и друга површина 8200м$^2$ | 5000м2 | 2500м2 | 20 м2, и друга површина 2000м2 |
| **Површина на спортски терени** | / | / | / | / |
| **Начин на загревање на училиштето** | парно со дрва | ќумбиња на дрва | ќумбиња на дрва | парно со дрва |
| **Училиштето работи во смена** | две смени | една смена | една смена | една смена |
| **Број на одделенија** | 9 | 5 | 1 | 1 |
| **Број на паралелки** | 9 чисти | 1комб.4 чисти | 1комб. | 1 комб. |
| **Јазик** | Македонски јазик | Македонски јазик | Македонски јазик | Македонски јазик |
| **Статус на еко училиште** | Сребрено знаме **Април, 2015 година** | | | |

### 1.1 Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиштето

| | |
|---|---|
| **Членови на училишен одбор** | **Претседател на училишен одбор**: Горан Трајковски<br>Преставник од училиштето – Катеринчо Груев<br>Преставник од училиштето – Маја Стојанова<br>Преставник од училиштето – Златко Јанев<br>Преставник од Советот на родители- Маја Китановска<br>Преставник од Советот на родители -Александар Арсовски<br>Преставик од Локална самоуправа- Даниела Митревска |
| **Членови на совет на родители** | **Претседател на Совет на родители**: Александар Арсовски<br><br>**Членови на Совет на родители:** Ивана Величковска,Фросина Неделковска,Христина Стојчевска, Ивана Бојковска, Бранкица Бојковска, Билјана Спасовска, Душанка Величковска, Милена Додиќ, Благица Гочевска, Линдита Димовска, Сања Маневска, Александар Арсовски, Горан Трајковски, Андријана Ставрева, Гордана Анчева, Маја Китановска |
| **Стручни активи** | Актив на одделенска настава, актив на природни науки,<br>актив на општествени науки и актив на уметност, техника и спорт. |
| **Одделенски совети (број на наставници)** | Одделенска настава – 10 наставници<br>Предметна настава – 15 наставници |
| **Членови на ученички парламент** | **Претседатели на ученички парламент:**<br>Ана Додевска -Иванковци, Лука Ставрев - П.У Сујаклари<br>**Ученички правобранители:**<br>Анџела Јордановска-Иванковци, Дамјан Стеванов - П.У Сујаклари |

## 2. ПОДАТОЦИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА НА ООУ„СТОЈАН БУРЧЕВСКИ БУРИДАН “

### 2.1 Мапа на училиштето

| ООУ„Стојан Бурчевски Буридан“ Иванковци | Мапа на основното училиште  |
|---|---|
| **Општина** | Велес |
| **Адреса** | с. Иванковци |
| **Директор** | Трајче Недев |
| **Телефон/моб** | 043 253 185 / 075 359 086 |
| **Е-пошта** | stojanburcevski@yahoo.com |

### План на училиштен простор













### 2.2. Податоци за училишен простор

| ООУ„Стојан Бурчевски Буридан“Иванковци | Иванковци | П.У Сујаклари | П.У Мамутчево | П.У Отовица |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупен број на училишни згради** | 1 | 1 | 1 | 1 |
| **Број на подрачни училишта** | 3 | 1подрачно | 1подрачно | 1подрачно |
| **Површена на објектот** | 200 м$^2$ | 540 м2 | 206 м2 | 90 м2 |
| **Број на спортски сали** | / | 1 | / | / |
| **Број на катови** | 1 | 1 | 1 | 1 |
| **Број на училници** | 4 | 5 | 2 | 2 |
| **Број на помошни простории** | 2 | 2 | 1 | 2 |
| **Број на училишни библиотеки** | 1 | 1 | / | / |
| **Начин на загревање на училиштето** | парно со дрва | ќумбиња на дрва | ќумбиња на дрва | парно со дрва |

## 2.3. Простор во ООУ „Стојан Бурчевски Буридан“ Иванковци

| ООУ„Стојан Бурчевски Буридан“Иванковци | Иванковци | П.У Сујаклари | П.У Мамутчево | П.У Отовица |
|---|---|---|---|---|
| **Број на училници** | 5 | 5 | 4 | 2 |
| **Кабинети** | / | / | / | / |
| **Број на училишни библиотеки** | 1 | 1 | / | / |
| **Медијатека** | / | / | / | / |
| **Читална** | / | / | / | / |
| **Број на спортски сали** | / | 1 | / | / |
| **Број на канцеларии** | 1 | 3 | 1 | 1 |
| **Кујна** | / | / | / | / |
| **Број на помошни простории** | 2 | 2 | 1 | 2 |
| **Потребата од дополнителни простории, реконструкции** | | Реконструкција на училиштето | | |

## 2.4. Опрема и наставни средства

Во табелата е наведена постоечката опрема и наставни средствашто ги поседува училиштето ООУ,,Стојан Бурчевски Буридан“ с.Иванковци. Во тек е набавка на техничка опрема и средства за успешна реализација на наставата по новите наставни програми, по одделенија.
Средствата кои ги има училиштето ги користат наставниците од одделенска и предметна настава.

| Постоечка опрема и наставни средства | |
|---|---|
| Смарт телевизори | принтери |
| училишни мали лаптопчиња | компјутери- статични |
| лап топ компјутери | интерактивни табли |
| пијано | микро битови |
| проектори | нагледни средсва по сите предмети |
| таблети | маса за пинг понг |

## 2.5. Податоци за училишната библиотека

**ООУ„Стојан БурчевскиБуридан“-с.Иванковци** располага со две библиотеки, од кои една се наоѓа во централното училиште во с. Иванковци и една – во подрачното училиште во с. Сујаклари. Во текот на учебната 2023/2024 година ќе биде посетувана од ученици и наставници, кои ќе ги изнајмуваат и ќе ги користат книгите.
Евиденцијата во библиотеката ќе се води во посебна тетратка, во која ќе се заведуваат изнајмените и вратените книги, како и новонабавените книги и учебници ќе бидат евидентирани во записници.
Училишната библиотека планира успешно да ги оствари поставените цели и задачи на современиот образовен процес, којшто бара оспособување на учениците за самостојна работа, самообразование и подготовка за понатамошното образование, издавајќи книги на сите оние, кои ќе се стремат кон збогатување на сопственото знаење и сестран личен развој.
Училишната библиотека, во текот на учебната година, преку разноликоста на своите содржини и активности, ќе се насочува кон вклопување во воспитно – образовниот процес. Преку книжевниот фонд, кој го поседува, библиотеката ќе ги ангажира учениците, соединувајќи ги и задоволувајќи ги нивните интереси за читање. Со тоа, библиотечниот простор, ќе биде нивно секојдневие, потреба и катче, каде што воспитно и образовно ќе поминуваат дел од своето време.
Училишната библиотека ќе настојува преку различни форми на соработка: предавања, разговори, работилници, изложби, натпревари и други активности, да создаде услови за поуспешно совладување на наставните содржини по сите наставни предмети. На тој начин ќе се афирмира самостојното учење, заземајќи соодветно место во наставниот процес. Во таа насока, постојано ќе ги информира и ќе ги запознава изведувачите на наставата со книжевниот фонд, со цел и тие да ги насочуваат учениците за правилно користење на истиот. Училишната библиотека ќе им служи и на наставниците како соодветен извор за непрекинато стручно усовршување и следење на најновите публикации од областа на наставно-образовниот процес. Паралелно со овие активности, во рамките на материјалните можности на училиштето, сепланира библиотеката да го зголеми книжевниот фонд. Во основата на програмата за работа на училишната библиотека,

ќе бидат опфатени покарактеристични задачи, содржини и активности, како што е посета на Спомен куќата на Кочо Рацин и посета на Народен музеј на градот Велес.

| Р.бр. | Библиотечен фонд | Количество |
|---|---|---|
| 1. | Учебници и работни тетратки | 1782 |
| 2. | Лектирни изданија | 1741 |
| 3. | Стручна литература | 269 |
| 4. | Превод на литературни дела од автори кои добиле Нобелова награда | 17 |
| 5. | Белетристика | 579 |
| 6. | Историски учебници | 244 |
| 7. | Книги на англиски јазик | 164 |
| 8. | Наслови на книги | 2241 |
| 9. | Слободна литература | 1972 |

### 2.6. План за обновување и адаптација во основното училиште во 2023/2024 год.

Планот за обновување и адаптација во ООУ„Стојан Бурчевски Буридан“ с.Иванковци за учебната 2023-2024 година се однесува на организирање, реконструкција и адаптација на училишниот објект во П.У Сујаклари, доградба на училиштето во Иванковци, подобрување на работните услови во училиштата, уредување на училишните дворови и продолжување на тековните активности за обезбедување на на неопходни наставни средства и материјали во согласност со идниот развој на технологијата.

| Што ќе се преуредува или обновува | Намена |
|---|---|
| Реконструкција на училишната зграда во с.Сујаклари | За реализација на наставата во одделенска и предметна настава |

Дел од планот кои треба да се реализира е во координација со стручни лица од Општина-Велес.

## 3. ПОДАТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ И ЗА УЧЕНИЦИТЕ

### 3.1. Податоци за вработените кои ја реализираат воспитно образовната работа

| Ред. бр. | Име и презиме | Години на раѓање | Звање | Вид на образ. | Работно место | Ментор советник | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Охрида Колодезни | 1963 | Диплом.професор по одд.настава | всс | Одд.наставник | не | 34 |
| 2 | Златко Јанев | 1965 | Диплом.професор по одд.настава | всс | Одд.наставник | не | 31 |
| 3 | Панче Бошков | 1981 | Диплом.професор по одд.настава | всс | Одд.наставник | не | 15 |
| 4 | Емилија Илиева | 1973 | Диплом.професор по одд.на македонск.јазик | всс | Одд.наставник | не | 15 |
| 5 | Далиборка Крстевска | 1982 | Диплом.професор по одд.настава | всс | Одд.наставник | не | 8 |
| 6 | Викторија Лазова | 1990 | Диплом.професор по одд.настава | всс | Одд.наставник | не | 6 |
| 7 | Анета Јакимовска | 1992 | Диплом.професор за одд.настава | всс | Одд.наставник | не | 2 |
| 8 | Одделенски наставник | | Диплом.професор по одд.настава | всс | Одд.наставник | | |
| 9 | Кристијан Пешов | | Диплом.професор по физичка култура | всс | Наставник по ФиЗО | не | 1 |
| 10 | Евгенија Стојанова Јорданов | 1987 | Диплом.проф.по англиски јазик | всс | Наставник по анг.јазик | не | 4 |
| 11 | Весна Христовска | 1964 | Диплом. информатичар | всс | Наставник по техничко обр.и информатика | да | 28 |
| 12 | Андријана Кариланова | 1969 | Диплом.проф по математика и физика | всс | Наставник по математ. и физика | не | 27 |
| 13 | Маринела Пановска | 1983 | Диплом.проф.по англиски јазик | всс | Наставник по англиски јазик | не | 15 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 14 | Марија Димова | 1987 | Диплом професор по македонски и герм.јазик | всс | Наставник по герм.јазик | не | 1 |
| 15 | Мирјана Пановска | 1985 | Проф.по макед.книжевн. јужнослоев.книжевн. | всс | Наставник по мак.јазик | не | 6 |
| 16 | Тања Милошева Петрушева | 1982 | Диплом.вајар педагошка насока | всс | Наставник по лик.образ. | не | 7 |
| 17 | Александар Ѓоргиев | 1984 | Диплом.проф.по историја | всс | Настав.по историја граѓан.обр. | не | 6 |
| 18 | Дејан Здравков | 1973 | Диплом.професор по филозофија | всс | Наставник по етика и клас.култ. | не | 6 |
| 19 | Марина Јанушева | 1969 | Диплом.проф по математика | всс | Математика Физика | не | 10 |
| 20 | Маја Стојанова | 1980 | Проф.по макед.книжевност | всс | Наставник по мак.јазик | не | 5 |
| 21 | Катерина Патрова | 1987 | Диплом.професор по географија | всс | Наставник по географија | не | 5 |
| 22 | Катеринчо Груев | 1980 | Диплом.професор по физичка култура | всс | Наставник по ФиЗО | не | 4 |
| 23 | Селма Амедоска | 1984 | Диплом.проф.по биологија | всс | Биологија Природни науки | не | 5 |
| 24 | Сања Стојановски | 1996 | Диплом. музичар теоретичар и педагог | всс | Наставник по муз.образ. | не | 3 |
| 25 | Андријана Сарагиновска | 1985 | Диплом. Професор по биологија-хемија во основ.обр. | всс | Наставник по хемија | не | 2 |

*Можност за измена на листата, поради промена на наставниот кадар во учебната 2023-2024 година.

## 3.2. Податоци за раководните лица

| Ред. број | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Вид на образование | Работно место | Ментор/ советник | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Трајче Недев | 1980 | Диплом.проф. по географија | всс | Директор | не | 12 |

## 3.3. Податоци за стручна служба

| Ред. број | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Вид на образование | Работно место | Ментор/ советник | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Елена Илиева Недев | 1985 | Дипломиран Педагог | всс | Предагог | не | 12 |

## 3.4. Податоци за вработените административни службеници

| Ред. број | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Вид на образование | Работно место | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Ирена Давчева | 1964 | Економски техничар | ссс | Секретар благајник | 27 |

## 3.5. Податоци за вработените помошно-технички лица

| Ред. број | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Вид на образование | Работно место | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Боби Спасевски | 1970 | Електро техничар | ССС | хаус мајстор | 30 |
| 2 | хигиеничар | | | | хигеничар | |
| 3 | Делчо Илиевски | 1960 | Основно обр. | Основно | хигеничар | 41 |
| 4 | Сања Маневска | 1988 | Основно обр. | ССС | хигеничар | 1 |
| 5 | Горан Трајковски | 1980 | Основно обр. | ССС | хигеничар | 13 |
| 6 | Боро Соколов | 1968 | Основно обр. | Основно | хигеничар | 28 |

## 3.6. Податоци за ангажираните образовни медијатори

Образовни медијатори кои се ангажираат за учениците Роми кои потекнуваат од социјално загрозени семејства или се подолго време надвор од образовниот систем во нашето училиште нама.

| Ред. број | Име и презиме на образовниот медијатор | Година на раѓање | Звање | Степен на образование | Години на стаж | Временски период |
|---|---|---|---|---|---|---|
| / | / | / | / | / | / | / |

## 3.7. Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар

| Кадар | Вкупно | Етничка и полова структура на вработените | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | други | |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **Број на вработени** | **34** | 11 | 23 | | | | | | | | |
| **Број на наставен кадар** | 25 | 6 | 18 | | | | 1 | | | | |
| **Број на стручни соработници** | 1 | | 1 | | | | | | | | |
| **Административни работници** | 1 | | 1 | | | | | | | | |
| **Техничка служба** | 6 | 4 | 2 | | | | | | | | |
| **Директор** | 1 | 1 | | | | | | | | | |
| **Образовен медијатор** | | | | | | | | | | | |

## 3.8. Вкупни податоци за степенот на образование на вработените

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| **Последипломски студии-вторциклус** | 1 (еден) доктор на науки |
| **Магистер** | / |
| **Високо образование** | 25 |
| **Виша стручна спрема** | / |
| **Средно образование** | 5 |
| **Основно образование** | 2 |

## 3.9. Вкупни податоци за старосната структура на вработените

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| **20-30** | 2 |
| **31-40** | 13 |
| **41-50** | 8 |
| **51-60** | 8 |
| **61 - пензија** | 3 |

## 3.10. Податоци за учениците во основното училиште

Врз основа на член 61 став(1) од Законот за Основно образование (Сл.Весник на Р.С.М бр161/2019, Директорот на училиштето донесе решение за формирање на комисија за запишување на ученици во прво одделение што ќе учат во учебната 2024/2025 година.
Именувани се членови на три члена училишна комисија за запишување на ученици во прво одделение за учебната 2024-2025 година во следниот состав:

1. Елена Илиева Недев-педагог
2. Анета Јакимовска-одделенски наставник
3. Жана Ѓорѓиева-специјален едукатор и рехабилитатор

Училишната комисија го известува родителот за подготвеноста на детето за тргнување во училиште. За запишаните ученици училиштето истакнува список на огласна табла на училиштето најдоцна до 15 јуни 2024 година.Постапката за уписот на ученици за тековната учебна година, според член 60 од Законот за основно образование(Службен весник на Р.С.М,бр.161/19) се реализираше регуларно во месец Мај 2023 година.Уписот за оваа учебна година се одвиваше по сите препораки, насоки и протоколи за работа.
Првачињата во новата учебна 2023/2024 година ќе учат по новите наставни програми што ги донесе Министерството за образование и наука на предлог на Бирото за развој на образованието.

## Табели на ученици по училишта за учебната 2023-2024 година

| Одделение ИВАНКОВЦИ | Број на паралелки | Број на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Срби | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **I** | 1 | 9 | 3 | 6 | | | | | | | | |
| **II** | 1 | 7 | 4 | 3 | | | | | | | | |
| **III** | 1 | 8 | 4 | 3 | | | | | | | | 1 |
| **IV** | 1 | 2 | 1 | 1 | | | | | | | | |
| **V** | 1 | 5 | 2 | 3 | | | | | | | | |
| **I - V** | **5** | **31** | **14** | **16** | | | | | | | | **1** |
| **VI** | 1 | 5 | 3 | 2 | | | | | | | | |
| **VII** | 1 | 8 | 4 | 2 | | | | | | | | |
| **VIII** | 1 | 8 | 6 | 2 | | | | | | | 1 | 1 |
| **IX** | 1 | 5 | 2 | 3 | | | | | | | | |
| **VI-IX** | **4** | **26** | **15** | **9** | | | | | | | **1** | **1** |
| **I – IX** | **9** | **57** | **29** | **25** | | | | | | | **1** | **2** |

| Одделение П.У ОТОВИЦА | Број на паралелки | Број на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | други | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **I** | | 2 | | 2 | | | | | | | | |
| **II** | | 1 | | 1 | | | | | | | | |
| **III** | | | | | | | | | | | | |
| **IV** | | 2 | 2 | | | | | | | | | |
| **V** | 1 | 2 | | 2 | | | | | | | | |
| **I – V** | **1** | **7** | **2** | **5** | | | | | | | | |

| Одделение П.У СУЈАКЛАРИ | Број на паралелки | Број на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | други | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **I** | | | | | | | | | | | | |
| **II** | | 2 | | 2 | | | | | | | | |
| **III** | | 1 | | 1 | | | | | | | | |
| **IV** | | 2 | 1 | 1 | | | | | | | | |
| **V** | 1 | 2 | 2 | | | | | | | | | |
| **I - V** | **1** | **7** | **3** | **4** | | | | | | | | |
| **VI** | 1 | 1 | | 1 | | | | | | | | |
| **VII** | 1 | 3 | 1 | 2 | | | | | | | | |
| **VIII** | 1 | 6 | 1 | 4 | | | 1 | | | | | |
| **IX** | 1 | 3 | 3 | | | | | | | | | |
| **VI-IX** | **4** | **13** | **5** | **7** | | | **1** | | | | | |
| **I – IX** | **5** | **20** | **8** | **11** | | | **1** | | | | | |

| Одделение П.У МАМУТЧЕВО | Број на паралелки | Број на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | други | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **I** | | | | | | | | | | | | |
| **II** | | | | | | | | | | | | |
| **III** | | 1 | | 1 | | | | | | | | |
| **IV** | 1 | 1 | 1 | | | | | | | | | |
| **V** | | | | | | | | | | | | |
| **I – V** | **1** | **2** | **1** | **1** | | | | | | | | |

Во ООУ„Стојан Бурчевски Буридан“ с. Иванковци, учебната 2023-2024 година ќе ја започнат **86 ученика**.
*Бројот на ученици може да варира во тековната учебна 2023-2024 година.

## 4. МАТЕРИЈАЛНО–ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА ООУ„СТОЈАН БУРЧЕВСКИ БУРИДАН“

Финансиско работење во училиштето што ги спроведува училиштето, се во согласност со законските норми. Раководниот кадар ги знае и ги разбира механизмите што може да ги користи за стекнување на дополнителни финансиски средства. Финансиското работење на училиштето, се контролира преку Училишниот одбор. Училишниот одбор редовно го следи наменското трошење на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.

Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето на финансиските средства. Одговорните лица редовно дискутираат за информации, поврзани со ресурсите и преку одлуките што ги носат обезбедуваат економичност, ефикасност и правичност во распределбата на финансиските средства. Училиштето, материјалните трошоци, трошоците за комунални услуги и други финансиски трошоци ги врши, од финансиски средства добиени од основачот, преку претходно одобрен финансиски план. Средствата за финансирање на училиштето се обезбедуваат од Буџетот на Р.С.Македонија, на начин и постапка утврдени со Законот за буџетите на Р.С.Македонија, Законот за извршување на Буџетот на Р.С. Македонија и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Средствата се распределуваат на Општина Велес по пат на блок дотации и наменски дотации согласно Уредбата за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотациите и Уредбата за методологијата за распределба на капиталните и наменските дотации утврдени во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Општината ги распределува средствата на основните училишта на своето подрачје за обезбедување на реализација на воспитно-образовниот процес, во согласност со утврдените стандарди и нормативи. Распределбата на средствата од блок дотацијата и од наменската дотација се врши врз основа на формула и согласно фазите за фискалната децентрализација утврдени во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Формулата за распределба на средствата се изведува базично од бројот на учениците во основното училиште на подрачјето, но можат да имаат влијание и други дополнителни показатели. Средствата за финансирање на дејноста на основното образование можат да се обезбедуваат и од други извори (легати, подароци, завештанија и друго), а се користат наменски за развој на воспитнообразовната дејност. Училиштето плански и наменски ги користи распределените финансиски средства од општината, како и финансиските средства од сопствената сметка. За своето работење, прави годишен финансов план, програма и завршна пресметка, придржувајќи се на насоките дадени од Министерството. Советот на општината исто така утврдува мерила и критериуми за распоредување на средства за нашето училиште. Податоците од годишниот финансиски план и од завршната сметка, училиштето ги доставува до Советот на Општина Велес, кој после презентирањето и усвојувањето ги објавува во своето службено гласило. Наменското користење на средствата кои се распределуваат од Буџетот на Р.С.Македонија, ги контролира Министерството.

## 5.МИСИЈА И ВИЗИЈА






## Мото на училиштето

**Ученикот не мора да биде одличен ученик,но може да стане одличен човек.**

## Слогани

**Размислувај во духот - мој  успех, твој успех. Со учењето вложуваш во својата иднина.**

## 6. ВЕЌЕ НАУЧЕНО/ СТЕКНАТИ ИСКУСТВА

Од работата на училиштето во минатата учебна година, можеме да истакнеме дека има значително подобрување на воспитно - образовната работа што е резултат на многубројни промени во наставата.Во планирањето на активностите за учебната 2023/2024 година се користени искуствата од работата на училиштето од изминатите учебни години и анализите на работењето на сите органи и тела кои функционираат во училиштето, како и реализација на воспитно- образовната работа во училиштето: Анализи и заклучоци од интегралната инспекција, самоевалуацијата на работата на училиштето,план за развој на училиштето, анализи и препораки од училишниот одбор, анализи и заклучоци од работењето на наставнички совет, одделенски совет, стручни активи, инклузивен тим, реализацијата на програмата за професионален развој на наставниот кадар, знаења стекнати од обуки, искуства од реализација на наставните планови и програми, нови знаења и вештини од планирање, подготовки и реализација на наставата по новата Концепција и вонаставните активности во нашето училиште.Потоа, придобивките од употребата на училишните кодекси и правилници, придобивките од примената на ИКТ во планирање и реализација на наставата и вонаставните активности,успешно учество во разни проекти и многу натпревари и конкурски, промоција на училиштето, соработка со родители, локална средина, медиуми и други организации како и организација на хуманитарните акции и активнсоти, напоредно развивајки ја хуманоста кај нашите ученици.Наставниците со примена на стандардите за оценување го зголемија нивото на стекнати знаења кај учениците кое се одрази на квалитетот на наставата. Значителен придонес има и водењето на е-дневникот, приемните денови со родителите, советувањето за родители и вклученоста во разни проекти.Од голема важност и мотивирачко влијание имаше и советодавната работа од страна на стручната служба и директорот при посетата на часови.Училиштето успешно ја организира средината за учење со поставување очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците.
Од досегашната работа на сите структури во училиштето, успешно се релизираат сите предвидени тековни активности како резултат на нивната информираност.
Сите наставници активно учествуваат во постигање на поставените цели. Постигањата на целите редовно се евалуираат со осврт на ефективноста на работата во училиштето.

## 7.ПОДРАЧЈА НА ПРОМЕНИ, ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ

Произлегуваат од Развојната програма за работа на училиштето и констатираната состојба во годишниот извештај, а се земаат и во предвид оние подрачја и потреби кои се приоритетни за конкретното училиште и за тековната учебна година и каде ќе се направи промена.Од подрачјата се дефинираат приоритетите и целите кои ќе се реализираат во текот на годината сето ова е во тесна врска со потребите и интересите на сите субјекти, а особено со потребите на учениците и во склад со реалните можности на училиштето и усогласени со финансискиот план. Целите се насочени кон постигнување на резултати, временски се определени и водат кон остварување на визијата на училиштето. Изборотна приоритетите во училиштето ќе придонесат позитивни промени што ќе се случат, а од нив ќе произлезат и акциските планови.

| Приоритетно подрачје на промени | Стратешки цели | Развојни цели | Конкретни цели | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|
| **Оганизација и реализација на наставата** | **1**..Имплементациј а на концепцијата за воннаставни активности | **1.1.**Систематско планирање, организирање, реализирање и евидентирање на ВНА | 1.1.1Формирање на тим за реализација на концепцијата на ВНА<br>1.1.2.Стекнување на знаења, ставови и вештини зацртани со националните стандарди<br>1.1.3. Зголемување на соработка со родителите | Тековно во учебната 2023-2024 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Управување и раководење** | **2**.Подобрување на инфраструктурата на училиштето | **2.1**.Реконструкција на училиштето во Сујаклари | **2.1.1** Согледување на моменталната состојба во училиштето<br>**2.1.2** Изработка на проект за прибирање средства за реконструкција на училиштето | Тековно во учебната 2023-2024 година |
| **Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар** | **3**.Стручно усовршување на наставниот кадар | **3.1**.Обука на наставниот кадар за компетенциите, вештините и знаењата потребни за образование во 21 век<br>**3.2**Обука на наставниците за работа со деца со ПОП и талентирани ученици | **3.1.1** Утврдување на искуствата и потребитеза спроведување обуки<br>**3.1.2** Воспоставување процедури за планирање на активностите од следените обуки<br>**3.2.1.** Обука на стручна служба и група наставници за работа со талентирани ученици<br>**3.2.2.**Обука на стручна служба и група наставници за работа со деца со ПОП | Тековно во учебната 2023-2024 година |

## 7.1 План за евалуација на акциските планови

Во планот за евалуација се наведени конкретни задачи за нивна реализација, време на реализација, одговорни лица за спроведување на активноста, начин на спроведување на активноста, кои се очекувани резултати од реализираната активност, следење на реализацијата, индикатор за реализираната активност. Следењето или формативната евалуација се проверува и утврдува дали акциониот план се остварува и се проценува и колку добро се остварува, за да може да се преземат корективни активности штом ќе биде неопходно. Акциониот план ќе го реализираме според постоечкиот план за развој на училиштето. Во учебната 2023-2024 година во месец Март 2024 година повторно ќе се спроведе **Отворен ден по предметот граѓанско образование** чија намена ќе биде да се поттикне одговорноста кај учениците, за состојбите и условите во училиштето и заедницата и да се зајакне нивната иницијативност за превземање активности за позитивна промена и цел- зајакнување на демократската клима во училиштето.Истовремено, активноста е потребно да придонесе во промоција на граѓанските вредности на ниво на целото училиште и поврзување на училиштето со пошироката заедница.

## Одговорни за следење

1.Директор, ментор-наставник, стручна служба
2.Директор, наставници, стручни соработници (педагог)
3.Тимови, комисии, секретар, технички персонал
4.Директор, училишен одбор, стручна служба, наставници, совет на родители, стручни лица од Општина Велес

## Критериум за успех

1.Зголемен фонд на нагледни средства и помагала, годишен извештај за работа на училиштето за учебна 2023/2024 година
2.Успешна соработка меѓу наставниот кадар, стручните служби, родителите и Општината
3. Утврдување на искуствата и потребите за споведување на обуки
4. Реализација на проектот за реконструкција

## Инструменти

1. Фактури, извештаи, записници, инструменти
2. Анкети и листи за изборни предмети, анализи
3. Планови за професионален развој, годишен и полугодишен извештај
4.Проект за реконструкција на училиштето

## Индикатори за успешност

1. Подобрени услови за успешно изведување наквалитетна наставата
2. Успешно спроведување на новата концепција во однос на изборните предмети
3. Систематско планирање, организирање и евидентирање на ВНА
4. Реализирани работилници, обуки, семинари за професионалниот развој на наставниците и стручните соработници

## Повратна информација

1. Полугодишен и годишен извештај, извештаи од тимови, наставници и стручна служба
2. Извештаи од евиденција на реализираните ВНА

3. Извештај од реализација на изборните предмети
4. Записници и извештаи од вклученоста на родителите во сите свери во училиштето
5.Записници од посета на часеви за изведба на квалитетна настава

## 8. ПРОГРАМИ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА ВО УЧИЛИШТЕТО

Пред почетокот на учебната година училиштето навремено ги прилагоди условите за реализирање на наставата со цел обезбедување непречен воспитно-образовен процес.
Училиштето во текот на наставната година ќе работи според Годишната програма за работа во која се зацртани сите активности и подрачја според планот и програмите за воспитно-образовна дејност на училиштето, Концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование, Законот за основно образование и други документи кои се поврзани со основното образование. Зацртаните задачи во Годишната програма на крајот од учебната година целосно ќе бидат реализирани.Новите наставни програми се изработуваат врз основа на усвоените Национални стандарди за постигањата на учениците на крајот на основното образование и истите обезбедуваат целосната автономија на наставниците за прилагодување на наставата кон поединци и групи што ќе овозможи остварување на очекуваните резултати од секој ученик. Фактографското учење се заменува со учење со разбирање. Формативното оценување добива предност наспроти сумативното, што значи секојдневно ќе се следи и евидентира напредокот на учениците. Учениците уште од најрана возраст се воведуваат во граѓански вредности поврзани со родовата еднаквост, инклузивноста, мултикултурализмот, грижа за животната средина и слично. Тие ќе стекнуваат компетенции во неколку области кои современиот свет ги нотира како најважни.Сите одделенски и предметни наставници навремено изготвија годишни планирања по сите наставни предмети: задолжителни наставни предмети, изборни наставни предмети, дополнителна настава, додатна настава, слободни ученички активности, час на одделенската заедница и воннаставни активности, што се наведени во е-дневникот на паралелката.
Водичот за слободни изборни предмети согласно Концепцијата за основно образование со решение бр. 08-3980/1 од 3.03.2021 се применува во наставата во нашето училиште.
Наставниците обучени и подготвени во оваа учебна година ќе ги применуваат новите наставни програми по новата Концепција за основно образование.Како и усовршени во нивниот професионален план, со посета на акредитираните обуки организирани од БРО, пред почетокот на новата учебна година.Годишните планирања се изработени согласно Наставниот план и Наставните програми изготвени од БРО и одобрени од министерот за образование и наука. Споменатите годишни планирања се подготвени во два примероци: еден за наставникот и еден за педагошката потреба на училиштето во електонска форма.Увид во планирањата и посетата на часови ќе се врши од страна на директорот и педагогот на училиштето. Согласно Законот за основно образование, во училиштето, успехот и постигањата на учениците ќе се бележат во евидентни листови. При изготвувањето на наставните програми од I до IX одделение се води грижа за оптимално користење на информатичката технологија во наставата и учењето. Заради ефективно поврзување на предметите се користи практиката за тимско планирање на наставата.Во ООУ„Стојан Бурчевски-Буридан” с.Иванковци во новата учебната година се стреми кон потребата да се добијат максимални придобивки за учениците, наставниците и вработените во училиштата и пошироката заедница, а воедно да не дојде до повторно ширење на вирусот во нашата држава, имајќи предвид дека едно од основните човекови права покрај образованието е и правото на здравје.
Во учебната 2023/2024 година воспитно-образовниот процес ќе се реализира согласно Календарот за организација и работа на училиштата и согласно наставниот план за учебната 2023/2024 година.Стручните служби и вработените во училиштето се постојано достапни за учениците во секое време. Нивните контакти се ставени на веб страната на училиштето.

### 8.1 Календар за организацијата и работата во основното училиште

Врз основа на член 52 став (3) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), министерот за образование инаука донесува календар за организација и работа на основните училишта за учебната 2023/2024 година.
Учебната година во основните училишта почнува на 1 септември 2023 година, а завршува на 31 август 2024 година. Наставната година започнува на 1 септември 2023 година и завршува на 17 јуни 2024 година. Наставната година ја сочинуваат две полугодија - I и II полугодие.

Првото полугодие започнува на 1 септември 2023 година и завршува на 29 декември 2023 година. Второто полугодие започнува на 22 јануари 2024 година и завршува на 17 јуни 2024 година.

Во текот на учебната година учениците користат зимски, пролетен и летен одмор. Зимскиот одмор започнува на 30 декември 2023 година и завршува на 19 јануари 2024 година. За време на зимскиот одмор вработените во училиштето од 2 јануари 2024 година до 12 јануари 2024 година користат платени неработни денови. Пролетниот распуст започнува на 29 април и завршува на 6 мај. Летниот одмор за учениците започнува на 18 јуни 2024 година и завршува на 31 август 2024 година. Воспитно-образовната работа за учениците ќе се организира во текот на целата работна недела.

Во учебната 2023/2024 година наставата ќе се остварува во 180 наставни денови.

**ООУ „Стојан Бурчевски Буридан“ Иванковци**
**РАБОТЕН КАЛЕНДАР ЗА УЧЕБНА 2023/2024 ГОД.**

| СЕДМИЦИ | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2023 | I ПОЛУГОДИЕ | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Раб. денови | Септември | | | | | Октомври | | | | | Ноември | | | | | Декември | | | | | вк |
| понеделник | | 4 | 11 | 18 | 25 | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 6 | 13 | 20 | 27 | | 4 | 11 | 18 | 25 | 16 |
| вторник | | 5 | 12 | 19 | 26 | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | | 7 | 14 | 21 | 28 | | 5 | 12 | 19 | 26 | 17 |
| среда | | 6 | 13 | 20 | 27 | 4 | 11 | 18 | 25 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | 6 | 13 | 20 | 27 | 16 |
| четврток | | 7 | 14 | 21 | 28 | 5 | 12 | 19 | 26 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 7 | 14 | 21 | 28 | 17 |
| петок | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 6 | 13 | 20 | 27 | | 3 | 10 | 17 | 24 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 16 |
| Вкупно денови | 20 | | | | | 20 | | | | | 22 | | | | | 20 | | | | | 82 |

| СЕДМИЦИ | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | 32 | 33 | 33 | 34 | 35 | 36 | 37 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2024 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Раб.денови | Јануари | | Февруари | | | | | Март | | | | | Април | | | | | Мај | | | | | Јуни | | | вк |
| понеделник | 22 | 29 | | 5 | 12 | 19 | 26 | | 4 | 11 | 18 | 25 | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | 6 | 13 | 20 | 27 | 3 | 10 | 17 | 20 |
| вторник | 23 | 30 | | 6 | 13 | 20 | 27 | | 5 | 12 | 19 | 26 | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 7 | 14 | 21 | 28 | 4 | 11 | | 20 |
| среда | 24 | 31 | | 7 | 14 | 21 | 28 | | 6 | 13 | 20 | 27 | 3 | 10 | 17 | 24 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 5 | 12 | | 19 |
| четврток | 25 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | 7 | 14 | 21 | 28 | 4 | 11 | 18 | 25 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | 6 | 13 | | 20 |
| петок | 26 | | 2 | 9 | 16 | 23 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 5 | 12 | 19 | 26 | | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | 7 | 14 | | 19 |
| Вкупно ден. | 8 | | 21 | | | | | 21 | | | | | 19 | | | | | 18 | | | | | 11 | | | 98 |

**Прво полугодие**
**8 Септември (петок)** – Ден на независноста
**11 Октомви (среда)** – Ден на народното востание
**23 Октомври (понеделник)** Ден на Македонската револуционерна борба
**8 Декември (петок)** – Св. Климент Охридски

**Второ полугодие**
**10 Април –** Рамазан Бајрам
**29 Април – 6 мај** - Пролетен распуст
**24 Мај** – Св. Кирил и Методиј

Календарот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службенвесник на Република Северна Македонија“, и ќе отпочне да се применува од 1 септември 2023 година.
*Сите измени на календарот за организација во тековната учебна година ќе се следат и применуваат.

## ЕКОЛОШКИ КАЛЕНДАР

| Време на реализација | Одбележување на значајни ЕКО денови |
|---|---|
| **16.09** | Меѓународен ден за заштита на озонската обвивка |
| **22.09** | Меѓународен ден без автомобили |
| **26.09** | Светски ден на чисти планини |
| **04.10** | Светски ден за заштита на животните |
| **08.10** | Светски ден за намалување на уништувањето на природата |
| **15.10** | Меѓународен  ден на пешаците |
| **16.10** | Меѓународен ден на храната |
| **29.12** | Меѓународен ден на биодиверзитетот |
| **05.03** | Светски ден за заштеда на енергија |
| **21.03** | Ден на пролетта |
| **22.03** | Светски ден за заштита на водите |
| **07.04** | Светски ден на здравјето |
| **22.04** | Ден на планетата Земја |
| **15.05** | Меѓународен ден за заштита на климата |
| **31.05** | Светски денпротив пушењето |
| **тековно** | Светски ден за заштита на животната средина |
| **МАРТ** | **Патрон празник на нашето училиште** |

## 8.2. Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наст.кадар, распоред на часови

### Одделенска настава

| ООУ„Стојан Бурчевски Буридан“Иванковци | | | |
|---|---|---|---|
| Бр. | Име и презиме на наставникот | Одделенски раководители | Број на ученици |
| 1 | Анета Јакимовска | I | 9 |
| 2 | Златко Јанев | II | 7 |
| 3 | Панче Бошков | III | 8 |
| 4 | Емилија Илиева | IV | 2 |
| 5 | Охрида Колодезни | V | 5 |

| Училиште | П.У Отовица | | |
|---|---|---|---|
| Бр. | Име и презиме на наставникот | Одделенски раководители | Број на ученици |
| 1 | Далиборка Крстевска | I-II-IV-V | 2+1+2+2=7 |

| Училиште | П.У Сујаклари | | |
|---|---|---|---|
| Бр. | Име и презиме на наставникот | Одделенски раководители | Број на ученици |
| 1 | Викторија Лазова | II-III-IV-V | 2+1+2+2=7 |

| Училиште | П.У Мамутчево | | |
|---|---|---|---|
| Бр. | Име и презиме на наставникот | Одделенски раководители | Број на ученици |
| 1 | Одделенски наставник | III- IV | 1+1=2 |

### Предметна настава

| Училиште | П.У Сујаклари | | |
|---|---|---|---|
| Бр. | Име и презиме на наставникот | Одделенски раководители | Број на ученици |
| 1 | Весна Христовска | VI | 1 |
| 2 | Марина Јанушева | VII | 3 |
| 3 | Маја Стојанова | VIII | 6 |
| 4 | Катеринчо Груев | IX | 3 |

| Училиште | ООУ„Стојан Бурчевски Буридан“Иванковци | | |
|---|---|---|---|
| Бр. | Име и презиме на наставникот | Одделенски раководители | Број на ученици |
| 1 | Андријана Kариланова | VI | 5 |
| 2 | Катерина Петрова | VII | 8 |
| 3 | Маринела Пановска | VIII | 8 |
| 4 | Мирјана Пановска | IX | 5 |

*Можност за промена на класните раководители во учебната 2023/2024 година.

## Распоред на часеви

Поделбата на часевите и распоредот на часеви ќе биде изготвен пред самиот почеток на новата учебна 2023/2024 година, поради добивање на по прецизни податоци. Наставата ќе се изведува во 16 паралелки со 86 ученика,на македонски јазик со кирилско писмо. Наставата во училиштето ќе се одржува со физичко присуство на учениците во училиштето.Наставниот час ќе трае 40 минути. Напоредно ќе се води евиденција на дневна основа за присуство на наставниците.
Додека реализацијата на наставата и отсуствата на учениците ќе се евидентираат во е-дневникот. Распоредот ќе биде јавно достапен на паното во училиштата, истиот ќе биде истакнат и на веб страната на училиштето.

## 8.3. Работа во смени

Во оваа учебна 2023/2024година во план е централното училиште да работи во две смени, со ротирање преку една недела, и тоа: Прва смена (претпладне) - одделенска настава од прво до петто одделение; Втора смена (попладне) - предметна настава од шесто до деветто одделение. Во подрачните училишта, наставата ќе се изведува само во прва смена (претпладне).

| Име на училиштето | ООУ„Стојан Бурчевски Буридан„с.Иванковци | | | |
|---|---|---|---|---|
| Училишта | Иванковци | П.У Сујаклари | П.У Мамутчево | П.У Отовица |
| Училиштето работи во смени | две смени | една смена | една смена | една смена |

## 8.4. Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата

| Наставнен јазик на кој се изведува наставата | Наставен јазик македонски | Наставен јазик- албански | Наставен јазик- турски | Наставен јазик- српски |
|---|---|---|---|---|
| Број на паралелки | 16 | | | |
| Број на ученици | 86 | | | |
| Број на наставници | 25 | | | |

## 8.5. Проширена програма

Според член 40 од Законот за основно образование проширената програма на основното училиште опфаќа: организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите во редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава. Организација на прифаќање и заштита на учениците од прво, второ и трето одделение еден час пред започнувањето на наставата и еден час по завршување на наставата ќе биде во согласност со родителот. Според анализите во оваа учебна година – нема пројавен интерес од страна на родителите.

## 8.6. Комбинирани паралелки

| Училишта | Одделенска настава | Наставници | Број на ученици |
|---|---|---|---|
| П.УСујаклари | II-III-IV-V | Викторија Лазова | 7 |
| П.У Мамутчево | III- IV | Одделенски наставник | 2 |
| П.У Отовица | I-II-IV-V | Далиборка Крстевска | 7 |

## 8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

Во ООУ„Стојан Бурчевски Буридан“Иванковци во учебната 2023-2024 година задолжителен странски јазик е англиски јазик, додека како втор задолжителен јазик од шесто одделение е германски јазик. Вкупно ученици кои ќе го изучуваат **Англискиот јазик**:во одделенска настава се: 47, додека во предметна настава се вкупно: 39 ученика, на ниво на училиште англискиот јазик ќе го изучуват вкупно- 86 ученика. **Германски јазик** во предметна настава како втор јазик ќе го изучуваат вкупно 39 ученика во учебната 2023-2024 година.

## 8.8.Реализација на физичко и здравствено образов. со учениците од прво до петто одд.

Во нашето училиште се реализира тандем настава по физичко и здравствено образование од страна на следниве наставници:

| Одделенски наставници | Наставник по ФиЗО |
|---|---|
| Далиборка Крстевска, Викторија Лазова, Анета Јакимовска<br>Панче Бошков, Емилија Илиева, Златко Јанев,<br>Охрида Колодезни | Кристијан Пешов |

*Можност за промена на постоечките наставници по ФЗО.

Спортските активности придонесуваат за развивање на позитивни особини на личноста на ученикот: дружељубивост, упорност, издржливост, толерантност, меѓусебно разбирање и соработка, придонесуваат за емоционалната стабилност, социјалната интеракција икомуникација. **Физичкото и здравственото образование** е значајно за правилен раст и развој на учениците.

## 8.9. Изборна настава

Училиштето ги почитува правата и обврските на учениците при определување на изборни предмети и ги спроведува прописите поврзани со таа проблематика.
Согласно Концепцијата за основно образование донесена од страна на министерката за образование и наука со решение бр. 08-3980/1 од 3.03.2021 изработен е Водич за слободни изборни предмети во основното образование.Во Водичот се дадени водечките принципи на слободните изборни предмети, начинот на определување на слободните изборни предмети во училиштето, изработката на наставните програми за изборните предмети, изборот и организацијата на слободните изборни предмети, планирањето и реализацијата на наставата, како и начинот на следење и оценување на постигањата на учениците.

| Име на изборниот предмет | Одделение |
|---|---|
| Слободни изборни активности | I до III |
| Сликање, цртање, вајарство – прво полугодие Иванковци, Мамутчево<br>Фудбал – Второ полугодие – Иванковци, Оригами - Мамутчево | IV |
| Оригами – прво полугодие Иванковци<br>Справување со природни катасторфи – второ полугодие Иванковци | V |
| Велосипедизам – прво полугодие Отовица<br>Оригами – второ полугодие Отовица | комбинир. паралелка |
| Справување со природни катасторфи – прво полугодие Сујаклари<br>Оригами – второ полугодие Сујаклари | комбинирана паралелка |
| Религиите во светот | VI |
| Вештини за живеење | VII |
| Истражување на родниот крај | VIII |
| Нашата татковина | IX |

Наставниците од основните училишта изготвуваат наставни програми за слободните изборни предмети според интересите на учениците, притоа можат да ги користат примерите кои се изработени во Бирото за развој на образование но и наставните програми за слободните изборни предмети кои се изработени од наставници од различни основни училишта и кои се одобрени од предметните советници како соодветни за реализација во наставата.Изборот на изборни предмети за учебната 2023/2024 година се изврши по претходно спроведена анкета за учениците и родителите.
*Сите измените во однос на изборните предмети ќе се спроведат по дадената насока за постапување за учебната 2023-2024 година.

## 8.10. Дополнителна настава

**Дополнителната настава** во учебната 2023/2024 година ќе се организира за ученици кои имаат потреба од дополнителна поддршка за определени наставни предмети за да ги постигнат очекуваните резултати, односно на барање на ученикот, неговиот родител и по проценка на наставникот. Додека наставникот ја планира, води евиденција и го известува родителот во рок од три дена од констатирањето на потребата. Таа ќе се реализира според наставниот план од БРО исогласно Член 31 од Законот за основно образование. Во Правилникот за организацијата и начинот на спроведување бр.12-4095/1 од 23.03.2020 година, во член 7 по ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи: „Дополнителната настава за учениците во прво и четврто одделение се реализира во рамки на петте задолжителни саати (во случај на поголем број ученици со иста потреба) или по петте задолжителни саати (доколку се работи за мал број ученици–индивидуализиран пристап во планирањето).“

## 8.11. Додатна настава

**Додатната настава** се организира за ученици кои во текот на редовната настава постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети. Наставникот е должен да им ја понуди на учениците, а учениците одлучуваат дали ќе ја посетуваат додатната настава. Додатната настава ќе се реализира според наставниот план и Член 32 од Законот за основнообразование.

## 8.12. Работа со надарени и талентирани ученици

Работата со надарените деца,денес претставува важен сегмент во образовниот систем.Надарените и талентираните ученици се ученици кои имаат развиено една или повеќе способности на ниво кое ги надминува способностите на нивните врсници.
Надареноста се однесува на високи постигања во областа на природните науки, математика, јазици, додека талентираноста се однесува на постигањата во областа на уметноста, ликовно изразување, музика, дизајн и спорт.
Според програма за идентификација на надарени и талентрани ученици, наставниците во рамките на своите планирања ќе изработат програма за работа со овие ученици.
Педагогот на училиштето има изготвено сопствена програма за работа со надарени и талентирани ученици која е дел од прилозите на годишната програма.
Во програмата се наведени времето на реализација, процедурата за идентификација на надарените и талентирани ученици, кои наставници се вклучени во активностите и работата со овие ученици.
Исто така, и преку опсервација, организација на предавања и работилници ќе се влијае на сензибилизација на родителите за идентификација на посебните карактеристики на нивното дете.

## 8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Во училиштето се идентификувани ученици со посебни образовни потреби.
Во учебната 2023-2024 година има една ученичка со долготрајна физичка попреченост, со уредена документација со наод и мислење за видот и степенот на попреченост во физичкиот и психичкиот развој и специфичните потреби и документ од МКФ Скопје. Ученичката оваа учебна година ќе учи во деветто одделение во централното училиште во Иванковци.
Таа е инклузирана во редовната настава и напредува посопствено темпо и согласно своите можности, според одредени препораки и утврдена категоризација.
По спроведување на целосната документација од страна на педагогот на училиштето е доделен образовен асистент за ученичката со ПОП, која од почетокот на оваа учебната година повторно ќе работи со нејзе во наставата. Ученичката е придружувана само од едно лице (родител).
Образовниот асистент тековно и одлично соработува со сите наставници за ИОП-от кој го спроведува по предмети. Нејзината работа ја следи дефектолог од Ресурсниот центар-Велес и педагогот на училиштето. Образовниот асистент редовно доставува месчен план и извештај за сопствената работа.
Во ООУ„Стојан Бурчевски Буридан" с. Иванковциодлично функционира училишниот инклузивен тим кои е со мандат од три години составен од седум члена и индивидуалниот инклузивен тим за ученик. Специјалниот едукатор– рехабилитатор и понатаму тековно ќе соработува со педагогот на училиштето, образовниот асистент, тимот и родителот на ученичката.
Средбите се дел од работата на тимот.
Планирани се обуки од стручни лица (дефектолози) во тековната година кој ќе бидат продуктивни во решавањето на дадени прашања за работата со ученици со ПОП.
Во нашето училиште се води целосна подршка за учениците со ПОП.

## 8.14. Туторска поддршка на учениците

Според член 36 од Законот за основно образование (став1), Министерството обезбедува доплонителна поддршка за учениците, по предметите кои се дел од наставниот план во учебната година.
Во нашето училиште нема организација за туторска поддршка на учениците.

## 8.15. План на образовниот медијатор

Според член 37 од Законот за основно образование, во ООУ Стојан Бурчевски Буридан нема ученици Роми кои потекнуваат од социјално загрозени семејства.
Поради тоа училиштето нема ангажиран образовен медијатор и нема доставено барање од страна на училиштето по истото.

## 9. ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Вонаставните активности се дел од воспитно-образовниот процес кои заедно со наставните активности претставуваат нераскинлива целина.
Согласно Концепцијата за воннаставни активности, во рамките на воспитно-образовната дејност во училиштето ќе се организираат и остваруваат разновидни активности кои ќе бидат во согласност со развојните потреби и интереси на учениците.
При реализацијата на воннаставните активности училиштето ќе обезбеди услови и ќе настојува вклучување на што поголем број на ученици и ученици со ПОП.
Врз основа на предметот со бр.11-1178/1 од 09 06 2022 година од страна на БРО се донесени насоки за потполнување на додатокот на свидетелство за учество во воннаставните активности.
Педагошката евиденција за учеството на ученикот во воннаставните активности ја води одговорниот наставник согласно член 17 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на педагошката евиденција и документација во основното училиште, во Образецот бр.15.

### 9.1. Училиштни спортски клубови

Според член 43 од Законот за основно образование, најмаку пет наставници кои засновале работен однос на неопределено време во основното училиште, основаат училишен спортски клуб.
Попрограмата за спортските активности, во рамките на воннаставните и слободните ученички активности по предметот Физичко и здравствено образование во учебната 2023\2024 година ќе се реализираат следниве активности со учениците: фудбал, одбојка, кошарка, атлетика, пинг-понг, шах и други.
Во програмата има поставени цели совклучување што поголем број на ученици во спортски активности, создавање здрави навики за живеење,подобрување на функционалните и моторните способности,социјализација,фер–плеј игри.
Нашето училиште спортските активности ќе ги реализира во училишните дворови, на отвореното спортско игралиште во с. Иванковци и во салата во училиштето во с. Сујаклари.
Училишниот спорт има влијание врз психофизичкиот развој на учениците и го унапредува нивното здравје.

### 9.2. Секции и слободни ученички активности

Низ слободните ученички активности се создаваат претпоставки за задоволување и негување на индивидуалните интереси и способностите на учениците.
Слободните ученички активности се реализираат во слободното време на учениците од одделенска и предметна настава.
Слободни ученички активности најчесто се организираат во областа на општествените и природните науки, техниката, уметноста, спортот, или со учество на учениците во културно-уметнички и општествено-хуманитарни активности. На тој начин се создаваат можности учениците кои имаат интерес за одредени предмети и области, без оглед на успехот во наставата, да се потврдуваат со своите постигања.
За да не доаѓа до преголема оптовареност на учениците со слободните активности, по правило секој ученик учествува во една слободна активност.
Бројот на учениците е во согласност со нивната заинтересираност кон видот на секцијата.
Тие имаат за цел да ги задоволат и негуваат индивидуалните интереси и способности на учениците, да ги развиваат самостојноста, доследноста,истрајноста,како и создавањето навика за правилно користење на слободното време.
Во зависност од избраните активности на учениците, наставникот формира секции на кои работи со учениците по еден час неделно. Наставниците овие слободни ученички активности ги реализираат според претходно изработен план и програма.
СУА во одделенска настава функционираат на ниво на актив.
При организација,сите ученици и нивните родителите ќе добијат увид во секциите.
За таа цел, на огласната табла и на веб страната на училиштето со самиот почеток на учебната година ќе биде објавена листа на секциите што се предвидени со годишната програма за работа на училиштето.
Во текот на одвивањето на активностите во секцијата, учениците ќе добиваат повратни информации од реализаторите на секцијата за својот напредок икако да се подобрат. Истите ќе се евидентираат во електронскиот дневник.

### 9.3. Акции

Акциите што се одржуваат во училиштето се значаен дел од неговата севкупна воспитно-образовна дејност. Во нив активно земаат учество учениците, родителите, наставниците.
Нашето училиште ќе биде вклучено во најразлични акции, хуманитарни и акции кои се организираат на ниво на училиште и Општина. Тие ќе бидат организирани и по официјално добиени дописи, согласно нашите можности.
Хуманитарните акции и понатаму ќе ги следи и реализира одговорниот наставник како и педагогот на училиштето кој води тековна евиденција за активностите. Додека другите Еко акции и акциите од проектот Вело училишта ќе се организираат според годишниот календар за работа од страна на одговорниот тим. Училиштето има изготвено план по месеци со јасно дефинирани содржини, време на реализација, поставени цели, наведени материјали и вклученост на наставниците, учениците, родителите и службата од училиштето.
Акциите претставуваат значаен дел од едукацијата на учениците во училиштето.

## 10.УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ И УЧЕСТВО

Задницата на учениците е значаен сегмент во организацијата на животот и работата на училиштето. Преку оваа форма учениците се договараат и земаат учество во заедничките ставови за сите позначајни прашања што се во врска со животот и работата на училиштето.Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките. Паралментот на организиран начин активно учествува во застапување на правата и интересите на учениците. Организира и зема учество во повеќе активности и дава предлози по одредени точки. Ученичкиот парламент работи на седници, кои сеодржуваат неколку пати во тековната учебна година, освенво месеците кога учениците се на годишен распуст. Седниците на ученичкиот парламент ќе се одржуваатво соодветна просторија определена од директорот на училиштето. Седниците ги свикува претседателот на ученичкиот парламент по писмен пат. Првото свикување на ученичкиот парламент ќе го изврши директорот на училиштето.
Во однос на улогата и надлежностите според членот 68, став 6 од Законот, ученичкиот парламент:

- активно учествува во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците,
- го промовира ученичкиот активизам и учествува во евалуацијата на работата на училиштето,
- учествува во активностите за обезбедување врсничка поддршка на учениците со ПОП,
- учествува во подготовката на годишната програма за работа,
- дава предлог за годишните програми за екскурзии и излети,
- дава предлози за воннаставни и вонучилишни активности на училиштето,
- дава предлози за подобрување на ученичкиот стандард,
- преку свои претставници учествува во советот на родители и наставничкиот совет иорганизира и учествува во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено корисна работа.

Плановите за работа, дневниот ред и записниците на ученичкиот парламент, и ученичкиот правобранител се дел од прилозите на годишната програма за учебната 2023-2024 година.

## 11. ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

### 11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Врз основа на член 42 став (2) од Законот за основно образование(,,Службен весник на Р.С.М" бр.161 /19 година ООУ„Стојан Бурчевски Буридан" с.Иванковци во согласност со правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии на учениците од основните училиштаи по обработката и анализата од спроведените анкети на учениците, ќе бидат реализирани следниве релации за месец Мај 2024 година со изготвена програма:

- **Еднодневен излет во блиската околина за учениците од I-IX одделение**-Езеро Младост
- **Еднодневна екскурзија за учениците од III одделение** учениците го избраа Дојран
- **Дводневна екскурзија за учениците од VI и IX одделение** е локацијата Охрид

**Стручен тим за екскурзии:** Трајче Недев (директор), Катерина Петрова (наставник по географија), Катеринчо Груев (наставник по ФиЗО) и Александар Ѓорѓиев (наставник по историја).

**Цели:** Проширување на стекнатите знаења, примена на вештини и ставови преку непосердно запознавање на појавите, како и односи во природата и општествената средина, запознавање со културно - историските знаменитости, индустриските и земјоделските капацитети во согласност со воспитно - образовната работа на училиштето.Додека крајната цел е образовно богато и задоволно дете (остварено, мотивирано, сигурно самоуверено, среќно со развиена самопочит).

**Задачи:** Истражување на објекти во природата, поттикнување интерес за природата и развивање еколошки навики, запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни предели, градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот. Потоа развивање позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности, поттикнување и манифестирање позитивни емоции, социјализација и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе, развивање интерес за спортски активности, рекреација,дружење и создавање навики за здраво живеење. Поттикнување намеѓусебно почитување и напоредно развивање љубов и грижа кон природните убавини.
Преку излетите и екскурзиите учениците имаат можност да се запознаат со природните реткости и знаменитости, да ги прошират своите знаења, а воедно кај нив да се развиваат и навиките за културно и одговорно однесување.

## 11.2 Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности

Во нашето училиште бидејќи се работи за мал број на ученици, во вонучилишните активности ќе бидат распоредени учениците од одделенска и предметна настава од нашето училиште. Вклученоста на учениците во самите активности ќе биде според однапред подготвениот план и програма за реализација која ќе биде во прилог на годишната програма за работа на училиштето.
За секоја успешно реализирана активност педагогот на училиштето ќе води тековна евиденција, додека на наставниците кои се организатори ќе им биде издадена потврда од самата реализацијата по претходно доставеното барање за одобрување на планираната активност во училиштето.

# 12. НАТПРЕВАРИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ

Иако мал е изборот на ученици, со голем труд од страна на наставниците нашето училиште покажа високи резултати во однос на учеството и освоените награди на натпреварите. Учествата се однесуваат на оние учениците каде покажуваат особен успех по одделни наставни предмети напоредно земаат учество на училишни, општински, регионални, државни и меѓународни натпревари. Потоа на распишани конкурси и други форми на натпревари организирани по повод на државни празници, јубилејни прослави и слично.
**Цел:** Навремено планирање и одржување на училишни натпревари поради селекција на ученици кој ќе се пласираат на повисоко ниво.
**Задачи:** Изготвување и истакнување на планот за училишните натпревари, известување на учениците за училишните натпревари и подготвување за претстојниот натпревар.Секој наставник има изработено програма за ученички натпревари.Службата ќе известуваи води евиденција.

# 13. УНАПРЕДУВАЊЕ НА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ/МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА

Активностите за промоција на мултикултурализам ќе се реализираат во рамките на Проектот за меѓуетничка интеграција во училиштето.Важна компонента во воспитно-образовниот процес и во целокупниот развој на индивидуата е соживот на сите етнички групи во заедницата.

**Целта на проектот „Меѓуетничката интеграција во образованието“** е да се подигне свеста за меѓуетничка интеграција и толеранција кај учениците, наставниците и локалната заедница.
Преку активностите ќе се поттикнува почитувањето на различностите, независно од етничката припадност, јазикот, полот, вероисповеста и развивање на сопствената култура и прифаќањена вредноститена другите култури.
Гостувањата, успешните меѓусебните посети и заедничките активности спроведени во рамките на соработката, овозможуваат запознавање на учениците и наставниците со културните вредности, обичаи и практики на другите етнички групи, надминување на стереотипните размислувања и предрасудите, прифаќање и почитување на етничките разлики, ќе бидат дополнителна мотивација за зголемување на активностите кои ќе се релизираат во учебната 2023-2024 година.

Директорот има формирано тим за училишна интеграција за период од три години, составен од пет до седум члена според член 46 од Законот за Основно образование.
На почетокот на учебната година нашето училиште ќе направи избор на ново партнер училиште од кои се планира да се аплицира за грандот кои ќе биде објавен на страната на МОН.
МИО тимот на училиштето пред почетокот на учебната година изготви годишна програма со активности и акционен план за соработка со родителите кој е во прилог на годишната програма за оваа учебна година.

## 14. ПРОЕКТИ ШТО СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО НАШЕТО УЧИЛИШТЕ

Сите долу наведени проекти ќе бидат повторно реализирани и активни во училиштето и секако целосно ќе сеимплементираат во наставниот процес.

| Р. БР. | ПРОЕКТИ ШТО СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО НАШЕТО УЧИЛИШТЕ |
|---|---|
| 1 | Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем |
| 2 | Меѓуетничка интеграција во образованието |
| 3 | Вело училишта |
| 4 | Заедничка грижа за правилно насочување на учениците |
| 5 | Со читање до лидерство - јазична писменост |
| 6 | Училиште на 21 век |
| 7 | Антикорупциска едукација на учениците |
| 8 | Еразмус плус |

Според вклученоста во проектите напоредно ќе биде извршено планирање ипрограмирање на наставата.

## 15. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 15.1. Постигнување на учениците

Училиштето континуирано води целосна и уредна евиденција за постигањата на учениците.
Секое дете може да го достигне својот максимум ако му се даде соодветна можност.
За таа цел наставниците им даваат поддршка на сите ученици, рамноправно и правично.
Ги препознаваат индивидуалните способности на учениците, прилагодувајќи ги активностите за збогатување и надградување на знаењето на учениците.Стручната служба во училиштето води целосна и редовна евиденција за постигањата на учениците.Наставниците тековно потполнуваат инструменти со податоци по класификациони периоди. Тие се доставуваат кај стручната служба (педагог) и раководниот кадар на училиштето кои ги обработуваат, сумираат, анализираат, и се дел од подотовката на извештаите по квартали. Изготвените извештаи се презентираат на наставнички совет. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес.
Во учебната 2023-2024 година според новата Концепција за основно образование и новите наставните програми ќе се обезбедат поголема видливост на интеграцијата, односно реализација на сродни теми од различни наставни предмети во текот на исто одделение, со цел да се синтетизираат различни перспективи за предметот.На овој начин, учениците полесно ќе ја разбираат и совладуваат наставната материја. Фокусот е ставен на учење со разбирање кое помага во развој на критичкото мислење и креативноста, наместо досегашното фактографско учење и меморирање на податоци.

**Споредбена анализа на средниот успех на учениците на крај на учебните години**

| Учебна година | Број на ученици | | Повторува | | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|
| | се | ж | се | ж | |
| 2020/2021 | 84 | 37 | / | / | 4.46 |
| 2021/2022 | 86 | 40 | / | / | 4.47 |
| **2022/2023** | **84** | **39** | **/** | **/** | **4,33** |

Споредбената анализа на средниот успех на учениците од минатите учебни години и последната учебна 2022-2023 година, покажува дека успехот е намален во последната учебна година.

## 15.2. Професионална ориентација на учениците

Целта на професионалната ориентација е да им се помогне на учениците да се одлучат да го продолжат своето школување и да се насочат кон занимања, кои најмногу би им одговарале.
Според член 47 од Законот за основно образование училиштето им помага на родителите на учениците при изборот на средно училиште, согласно со особеностите, способностите и афинитетите на учениците. Процесот на професионална ориентација е сложен процес и во себе ги содржи следниве фази:

- Професионално информирање;
- Професионално советување и евалуација-следење на оствареното советување.

Педагогот на училиштето ги следи индивидуалните афинитети на учениците и дава помош на родителите при изборот со користење на посебни алатки и инструменти за утврдување на способностите, интересите и можностите на учениците.
Потоа, тековно води портфолио за истото по претходно изготвената програма за професионално ориентирање на учениците кои е во прилог на годишната програма.
Со професионалната ориентација во основното образование ќе се овозможи учениците полесно да можат да се ориентираат и да го продолжат образованието во средните училишта. Активностите на тимот за професионална ориентација,многу ќе влијае врз продолжувањето на понатамошното образование во средните училишта.

## 15.3.Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

Според Законот се забранува секаков вид на дискриминација како и секој вид насилство во основното образование и воспитание.
Целта на оваа програма е да се спречи насилното однесување во училиштето и да се едуцираат учениците за ненасилно решавање на конфликтите. Училиштето пред почетокот на учебната 2023-2024 година изработи програма за намалување на насилството во училиштето, злоупотреба и спречување на дискриминација кои се составен дел на прилозите од годишната програма.
Во текот на учебната 2023/2024 година, исто така се планираат активности - едукативни работилници и предавања со родителите, учениците и наставниците за превенција од насилство, малолетничко претстапништво, болести на зависности, асоцијално однесување и деликвенција,за подобрување на социо-емоционалната состојба на учениците.
Во изминатите учебни години во нашето училиште нема вакви облици на насилство, злоупотреба и дискриминација.Преку вклучувањето во разните активности учениците и понатаму ќе градат и преферираат позитивни навики и здрави животни стилови.

# 16. ОЦЕНУВАЊЕ

## 16.1 Видови оценување и календар на оценувањето

Секој ученик се оценува врз основа на систематско следење со различни облици и постапки за испитување на знаењето. Постигањата на учениците се оценуваат описно и бројчано по периоди. Во учебната година ќе се следат сите насоки и препораки за оценување на учениците по класификациони периоди. Постигањата на учениците се оценуваат описно и бројчано по периоди.Оценувањето на учениците, зависно од наставниот предмет, се врши преку усно проверување на постигањата и преку писмени работи, тестови на знаење, чек листи, портфолио и друго. Оценувањето е јавно, каде за оценката ученикот е информиран.
Постигнувањата на учениците се вреднуваат со примена на различни стратегии на оценување кои ги применуваат наставниците, со запишување на описни или бројчани оценки. Оценување на учениците со попреченост ќе се врши според Член 139 од Законот за Основно образование. Училиштето има подготвено ИОП за ученичката со попреченост во согласност со нејзините индивидуални потенцијали и потреби,прилагоден на начинот на реализација на наставата во училиштето.
Со ученичката работи образовен асистент по изготвен план по месеци, кои е дел од прилозите на годишната програма.
**Според новите наставни програми и новата Концепција за образование** предност ќе се даде на формативното, наспроти сумативното оценување што подразбира дека постигањата на учениците ќе се следат на дневна основа, наместо само да се организираат тестирања на крајот

на одредени периоди – тримесечје или полугодие. Во однос на оценувањето на учениците по слободните изборни предмети согласно Водичот на изборни предмети, оценката е запишна одделно по дадените насоки во дописот од БРО со бр.08-1200/1 од 16 06 2022 година и истата ќе биде запишана во електронскиот дневник на паралелката и свидетелство за крај на учебната година со пресметување во општиот успех на ученикот. Во иднина со усвојување на измените во Законот за основно образование е дадена идеја тие да се оценуваат описно и да се запишуваат во додатокот на свидетелството.Училиштето применува добра политика на фер оценување, притоа не правејки разлика помеѓу учениците по пол, социјален статус или во зависност од периодот на оценување.Секој наставник води досие за ученици и сопствено портфолио.Досието за ученици содржи ученички изработки, со цел перманентно следење на учениците и формирање објективна оценка. Училиштето по потреба ќе формира комисија составена од членови за повторна проверка на знаењето на учениците, како и испитна комисија за одделенски испит, поправен испит и испит за побрзо напредување.

## 16.2 Тим за следење, анализа и поддршка

Во училиштето се формира тим за следење, проверка, анализа и поддршка на наставниците при изведувањето на процесот на оценувањето и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандардии критериуми за оценување. Се утврдува процедура за поплаки и жалби по добиени оцени, се утврдува начин на информирање на родителите и учениците за овие прашања. Следењето и проверувањето ќе се реализираат преку непосредни педагошки увиди, изготвување извештаи, анкетирање, анализи, информации, периодични писмени согледувања, полугодишен и годишен извештај и слично, нивно разгледување на состаноците на стручните органи и тела и донесување заклучоци и ставови по иститe. Следење, анализа и поддршка при усогласувањето на оценувањето со предвидените стандарди врши директорот и стручната служба. Со стандардите и критериумите за оценување се запознаени учениците и родителите во училиштето.

## 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Директорот и педагогот на училиштето работат по програма и редовно го следат и вреднуваат квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар.Педагошката евиденција и документација се води одговорно и редовно одстрана на целокупниот наставен кадар во е- дневникот за работа на паралелката,со тековна негова проверка. Од страна на Директорот и педагогот ќе се врши увид во глобалните, тематскитеи дневните планирања на наставниците, како и во досието на наставниците. Редовно и тековно ќе бидат изготвувани сите потребни извештаи, документи, потполнување на инструментиза сите класификациони периоди за учебната 2023-2024 година.Навремено ќе се ажурира целокупната администрација на училиштето.

### Следење на реализацијата на наставните планови и програми

Пред почетокот на учебната година ќе биде извршен увид во годишните и тематските планирања на наставниците. Тие ќе бидат документирани во посебни фолдери кај педагогот на училиштето и проследени на увид со следење на реализација на наставните планови и програми, преку посета на редовните наставни часови. Потоа ќе се направи анализа и ќе бидат изготвени записници и извештаи по посетените часови, какои евалуација на дневните подготовки на наставниците, согласно изготвените педагошки инструменти.

### Примена на современи наставни методи и форми на работа

Во училиштето ќе биде изготвен план (во прилог на годишната програма) за посета на отворени и нагледни наставни часови со водење на стручни разговори и консултации со наставниците од реализацијата на посетените часови, односно за користените одредени методи, форми, стратегии и техники на учење и поучување. Посебно внимание ќе се посвети на целосната организација на наставниот час, односно на користењето е-содржини во наставата,примената на методите, техниките, формите и нагледните средства, потоа користените инструменти за оценување на постигањата на учениците, временската рамка и рефлексијата на крајот на часот.

**Увид во работата на стручните активи**

Во тековната учебна година исто така ќе биде извршен увид во програмите на стручните активи, посетени состаноци, увид во реализацијата на вонннаставните и вонучилишните активности, отворени и нагледни часови и часевите по слободните изборни предмети, како и одредени стручни предавања. По завршување на истите ќе следи разговор, со давање на предлози и белешки,сугестии, како и насоки за унапредување на воспитно образовниот процес**.**

**Увид во педагошката документација и евиденција**

Редовно ќе бидат прегледувани електронските дневници на паралелките и главните книги.
По извршените тековни увиди и на крај на учебната година од страна на комисијата, педагогот и директорот на училиштето повторно ќе биде направен увид евидентиран во однапред изготвени формулари.Формуларите ги изготвува педагогот на училиштето.Преку водењето на педагошкиот картон, плановите и извештаите на наставниците ќе се следи професионалниот развој на наставниците и нивната вклученост во активностите. Потоа, другата педагошка евиденција и документација (годишни, тематски, дневни планирања, планирање и реализација на дополнителната, додатната настава, изборните предмети, слободните изборни предмети, часовите на одделенската заедница, родителските средби, планирање и изготвување на тестови.)
Врз правилното водење и потполнување на ученичките легитимации, евидентните листови, свидетелставата, главната книга за учениците, ќе биде извшена проверка од страна на службата.
Уредно и понатаму ќе се води педагошката евиденција и документација во записничките книги (електронски и писмено) на училишниот одбор, наставничкиот совет, одделенските совети, советот на родители како и извештаите за работата на директорот, стручниот соработник-педагог, стручните активи, ученичкиот парламент, работата на библиотеката на училиштето и друго. Истите потребно е да покажуват висок степен на реализација на предвидените содржини и активности по годишната програма за работа.
Стручната служба води инструмент за оценување на наставниците изготвен по подрачја на кои тие ја реализираат својата работа во училиштето. Покрај стручните посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар,во ООУ„Стојан Бурчевски Буридан“ с.Иванковци- Велес тековно работата ја следат Општинскиот и Државниот просветен инспектор како и Советникот за образование, каде училиштето ќе биде во континуирана соработка и оваа учебна година.

## 16.4.Самоевалуација на училиштето

На секои две години училиштето врши самоевалуација за сопствената работа и постигањата според Член 129 од Законот за основно образование. Квалитетот на работата на училиштето се мери преку самоевалуација, интегралната евалуација, надворешни мерења на постигањата на учениците, како и оценување на работата на наставниците и директорите, кои се вршат согласно закон. Училиштето на секои две години, спроведува самоевалуација на целокупната работа,изготвува извештај по спроведената самоевалуација по која се определуваат силните и слабите страни и се даваат предлози за подобрување на работата.

Во самоевалуацијата на училиштето се вклучени сите наставници кои работат во тимови поделени по подрачја.Самоевалуацијата ја спроведува училишна комисија составена од пет члена.

Извештајот со резултатите од самоевалуацијата училиштето го доставува до училишниот одбор, директорот на училиштето и основачот.Извештајот е изготвен во Јули 2021 година, каде истиот е писмено доставен и електонски објавен на интернет старната на Општина Велес. Врз основа на извештајот од извршената самоевалуација со предлог за подобрување на квалитетот на наставата, училиштето го изготви и Планот за развој (за периодот од 2022-2026 година).

## 17. БЕЗБЕДНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО

Сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес во училиштето се чувствуваа безбедно, сигурно и успешно ќе ја извршуват својата работа во текот на целата учебна година.
Родителите, училиштето го доживуваат како безбедна средина. Исто така училиштето има изготвено план и програма за заштита и спасување при случај на елементарни и непогоди. Училиштето располага со противпожарни апарати кои се поставени на видно место во училиштата и на секое од нив има упатсво за употреба, како и план за движење при евакуација поставен исто така на соодветно и видно место во сите училишта.
Наставниците се обучени за еко безбедност при работа. Училиштето и во иднина ќе соработува со Против пожарната служба при Општина Велес која и понатаму ќе извршува обуки, едукативни работилници и предавања за поголема безбедност на учениците и наставниците при непогоди. Сите насоки дадени од МОН училиштето ќе ги спроведе така што управата на училиштето (директор, наставник, стручен соработник на училиштето) ќе ги извести родителите за следново: пред почетокот на учебната година, за сите донесени правила, мерки, насоки и постапувања по протоколот за работа, кои осигуруваат/гарантираат безбедна средина за нивните деца.
На почетокот на месец август се направени сите неопходни инфраструктурни промени за учениците пријатно да се чувствуваат во училишната средина. Навремено беше извршена набавка на огревно дрво за претстојната грејна сезона.
Пред почетокот на учебната 2023-2024 година ќе се изврши повторно дезинфенкција на училиштата

## 18. ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО

### 18.1. Хигиена во училиштето

Заштитата и унапредувањето на здравјето на учениците е обврска на сите ученици и вработените во училиштето, во непосредна соработка и поддршка од родителите, здравствената служба и пошироката заедница. **Целта** на наведената дејност е да ги оспособи учениците и вработените во училиштето да превземаат активности за поздрав живот во училиштето и средината во која се наоѓаат.Тоа секако влијае на унапредување на здравјето и благосостојбата на сите, при што се негува здрав стил на живеење. Наставниците во соработка со родителите водат грижа за развивање навики кај учениците за одржување на личната хигиена.
Кај учениците ќе се прават неколку проверки на нивната лична хигена од страна на одделенските раководители заедно со педагогот, со превземање на посебни мерки за подобрување на нивната хигена. За хигиената на училиштето се грижат: техничкиот персонал, наставниците и учениците. Во однос на одржување на хигиената во училиштето континуирано се употребуваат високо квалитетни хигиенски средства за дезинфекција и уништување на микроорганизмите.
Додека начинот на одржување на хигиената во училиштето се врши преку: редовно проветрување на сите простории од канцеларии до училници, фискултурни сали, тоалети, помошни простории и слично, потоа секојдневно чистење на сите простории, во неделата се врши темелно чистење и еднаш во месецот генерално чистење на просториите во училиштето.
Покрај тоа, ќе биде извршена редовна дезинсекција и дератизација еднаш годишно од служби на Центарот за јавно здравје, а по потреба и вондредно.
Училиштето навемено ќе обезбеди се што следува за заштита на учениците и вработените во училиштето за реализација на воспитно-образовниот процес во учебната 2023-2024 година.

### 18.2. Систематски прегледи

Пред почетокот на учебната 2023-2024 година ќе се организираат санитарни прегледи за сите вработени. Додека систематските прегледи ќе се реализираат во Август 2023 година.
Потоа, систематските прегледи за учениците се планираат тековно пред или по завршување на часовите, во придружба на одделенските раководители на паралелкитеили нивните родители, без да се попречува наставата, согласно Календарот за вршење систематски прегледи.
Залевање на заби се врши за ученици од I до VI одделение.
Исто така се планираат едукативни работилници за здрави заби за ученици од I и IV одделение.
Во текот на учебната година ќе бидат спроведени неколку систематски и стоматолошки прегледи за учениците во Школскиот диспанзер во Велес.

### 18.3. Вакцинирање

Според календарот за имунизација и вакцинација се реализира вакцинација на учениците. Вакцинацијата се спроведува во Ј.З.У „Здравен дом“ или „Хигиенски завод“- Велес.
Училиштето ќе се поведе и постапи по добиената листа од календарот за имунизација и вакцинација за учебната 2023-2024 година која ќе биде доставена од здравствената надлежна институција- Велес.
Учениците се придружувани од раководителот на паралелката или родителот.
Напоредно се води редовна евиденција од страна на училишниот педагог во училиштето.

### 18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштето

Одговорните наставници имаат планирано едукација на учениците за здрава храна во која се вклучени едукативни предавања од здравствени работници и експерти од таа област кои се реализираат во воннаставните активности.
Покрај тоа наставниците на часот на одделенската заедница обработуваат теми за здрава храна, здравиот начин на исхрана и живеење.
Одделеските наставници ќе реализираат работилници вклучувајќи ги и родителите.
Еко-тимовите ќе организираат активности од кампањата Здрава храна каде учество ќе земат учениците, родителите, наставниците и службата. Термините на активностите и организаторите ќе бидат дел од годишната програма.

## 19. УЧИЛИШНА КЛИМА

Во нашето училиште постои добра организација на воспитно- образовната работа со навремен проток на информации и размена на искуства. Наставниот кадар е со позитивен професионален однос кон учениците и колегите со желба за реализација на идеи.
Единството на наставничкиот колектив во целокупниот живот и работата на училиштето е на високо ниво. Формираниот тим ќе направи анализа на критичните точки во комуникацијата помеѓу одредени структури во училиштето. Се предлагаат заеднички состаноци-работилници, дебати на кои ќе се разгледуваат слабостите на комуникацијата. Сите средби ќе бидат доследно запазени, строго по протоколите за работа во нашето училиште.

### 19.1. Дисциплина

За подобрување на училишната дисциплина во училиштето е донесен куќен ред.
Се изработуваат правилници и кодекси за однесување на вработените, учениците и родителите.
Дисциплината во училиштето се одржува преку редовно дежурство на наставниците и учениците со утврден распоред за дежурство. Дежурните наставници водат писмена евиденција за тековните збиднувања во наставниот ден и случувања за време на одморите. Наставниците и техничкиот персонал имаат обврска да го одржуваат редот, дисциплината и безбедноста во училиштето и училишниот двор од отварање до затварање на училиштето во текот на денот.
Во текот на воспитно - образовниот процес секој наставник посветува внимание за дисциплината на учениците преку советодавни разговори, едукативни предавања и работилници. На видно место во училницата ќе се истакнат правила за однесување, кои учениците задолжително треба да ги почитуваат. За учениците кои ги прекршуваат пропишаните правила за однесување се изрекуваат соодветни педагошки мерки согласно усвоените Правилници во училиштето.

### 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Вработените и учениците имаат развиено одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето. Тие ќе имаат должност оваа учебна година заеднички да се грижат за уредувањето на паноата во училниците, одржувањето на катчињата со ученички изработки во училишниот ходник, како и тековното одржување на хигиената во училишниот двор,естетското и функционално уредување на просторот во училиштето.
Тимот од вработените и претставниците од ученичкиот парламент ќе изработи план за естетско и функционално уредување на просторот на училиштето, со активности за наставниците и учениците, времето за реализација, како и потребните ресурси.

## 19.3. Етички кодекси



Во училиштето постојат кодекси на однесување за сите субјекти кои го сочинуваат.
Кодексите се донесени во согласност со Законот за основно образование, а сите субјекти имаат земено учество во нивното изработување. Кодексите се истакнати на видни места во училиштето и во нив јасно се дефинирани правилата кои треба да се почитуваат.
Такви се: Кодекс за оценување на постигањата на учениците; Кодекс за однесување на наставниците, учениците и родителите и еко-кодексот.Училиштето располага и со правилници во кои се предвидени и постапките кои се превземаат при прекршување на правилата пропишани со кодексите.

## 19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Во училиштето и оваа учебна година ќе се стави акцент и ќе се води грижа за подобрување на меѓусебната комуникација помеѓу сите субјекти во училиштето.
Тимот преку континуирана соработка и комуникација со сите вклучени субјекти, редовно ќе води состаноци во кои присуството е задолжително и со закон регулирано, на кој ќе бидат разменети мислења, ставови и идеи за тековните проблеми и прашања од работата на училиштето.
Тие ќе направат анализа на критичните точки во комуникацијата помеѓу одредени структури во училиштето, каде се предлагаат заеднички состаноци - работилници, дебати на кои ќе се разгледуваат слабостите на комуникацијата и ќе се предлагаат нови начини на комуницирање.Најпожелени начини за надминување на тие појави би биле: заеднички прослави, разни друштвени игри, екскурзии, излети,теренски настави во природа, посети и сл. кои би имале за цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка.

# 20. ПРОФЕСИОНАЛЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

**Професионалниот стручен кариерен развој** подразбира индивидуално усовршување, усовршување спроведено од страна на училиштето т.е. интерно, како и надворешно усовршување кое го врши Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и наука и други институции.
Училиштето води грижа за професионалниот развој на образовниот кадар водејќи сметка редовно да се посетуваат обуките и семинарите кои се одобрени и организирани од МОН и БРО.
Стручната служба редовно ги води професионалните досиеја за наставниците со кое се собираат докази за нивното напредување.

## 20.1 Детектирање на потребите и приоритетите

Од детектираните состојби од самоевалуацијата, интегралните евалуациии и спроведено анкетирање на наставниците, се утврдени следниве потреби за професионалниот развој на образовниот кадар: едукација на наставници за работа со ученици со посебни образовни потреби (ученици со облици на интелектуална попреченост во развојот, ученици со хиперактивност, талентирани и надарени ученици), обука за информатичка технологија, странски јазик, потоа обука на наставници за давање на прва помош и заштита на ученици, обуки според сопствените потреби и планирање на сопствениот професионален развој.
Дополнителните потреби на наставниците за професионален развој ќе се утврдуваат на првите состаноци на стручните активи во месец Септември.

## 20.2. Активности за професионален развој

Професионалниот развој на воспитно – образовниот кадар подразбира секојдневно професионално и лично усовршување / напредување на наставникот, долготраен, континуиран процес кој започнува со почетокот на работата во професијата и трае до крајот на работна кариера, процес кој се реализира на најразлични начини и подразбира оспособување на наставникот со нови знаења, вештини, способности, стратегии во соодветните области и оспособеност за примена на соодветна технологија.

Истакнување на сопствените цели и селектирање на активностите овозможуваат реализација на поставените цели, гледање на примери на поучување и учење во училница, читање стручна литература, студии на случај.
Училиштето ги мотивира наставниците за посетување семинари и обуки за стекнување сертификати.Секој наставник ги согледува и истакнува сопствените цели.
Ангажирање на искусниот кадар во улога на обучувачи за десиминирање на иновациите и во улога на ментори за подршка на професионалниот кариерен развој на колегите, е битен сегмент за професионалниот развој.
Сите наставници и стручниот соработник (училишниот педагог) во учебната 2023-2024 година ќе изготват свои индивидуален личен план и извештај за професионален развој кои ќе се состои од планирање, реализација на личниот план, согледување и препораки.

## 20.3. Личен професионален развој

Водејќи се од развојниот план на училиштето планирана е организација на интерни обуки и работилници според потребата на наставниците. Наставниците кои ќе земаат учество на обуки организирани од БРО, МОН, акредитираните организации ќе извршат десиминација во училиштето на останатите наставници.По самата реализација учесниците ќе добијат потврда.
Врз основа на член 25 став (2) и член 52 (2) од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19), Министерот за образование и наука донесе Програма за обуки за стручно усовршување на наставниците и стручните соработници за 2022 година.
Со овие програми се пропишуваат обуките за стручно усовршување на наставниците и стручните соработници во основните училишта за 2023 година. Обуките за стручно усовршување на наставниците и стручните соработници се дадени по подрачја, под-подрачја и теми за обука. Тимот за професионален развој на образовниот кадар и директорот на училиштето пред почетокот на учебната година во обострана соработка со наставниците и стручниот соработник (педагог) од нашето училиште изготвија навремена листа и пријава за професионално усовршување,каде се изнесоа индивидуалните потреби од дополнителни обуки кои ќе бидат организирани од БРО во месец Август 2023 година.
На тековните обуки задолжително учество ќе земат сите наставници и педагогот на училиштето.
Се планираат различни видови на организирање и пренесување на знаења или размена на професионално искуство, преку професионалните активи, организирање на отворени часови и работилници во текот на целата учебна година.
Во текот на наставната година ќе се реализираат и посети и анализи на наставни часови кај секој наставник.
По посетата на часот наставникот ќе соработува со (директор, педагог) и притоа му се укажува на јаките и слабите страни од часот со насоки за надминување на пропустите и унапредување на професионалниот развој. За нивниот професионален развој се води досие и педагошки картон од страна на педагогот.
Во нашето училиште има еден наставник унапреден во звање наставник-ментор.
Менторот, работи по сопствена изготвена програма и ќе има обрска да го води наставникот – почетник низ училишните активности и да му помага во стекнувањата на потребни умеења и вештини за самостојна работа како наставник.
Избраниот наставник-ментори е вклучен и во спроведувањето на новата Концепција во основно образование.

## 20.4. Хоризонтално учење

Стручните активи редовно ќе одржуваат состаноци и ќе посетуваат меѓусебни нагледни часеви документирани кај педагогот на училиштето.Тие ќе дискутираат и разменуваат искуства и мислења. Размената на професионално искуство и тимската соработка е многу важна и продуктивна за развивање на отворена комуникација, взаемно почитување, доверба и конструктивно решавање на проблемски ситуации.Тековно се планираат различни активности за продлабочување на стручните знаења и зајакнување на професионалните вештини.
Педагогот на училиштето изготвува план во кои се застапени следните активности - отворени часови по стручните активи во одделенска и предметна настава, работилници според потребите на наставниците,презентации и друго (во прилог на годишната програма).

## 20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Подигнување на квалитетот на воспитно-образовниот процес е можно само кога во него ќе се вклучат повеќе учесници здружени професионално и со користење на умешноста на секој од учесниците. Училиштето предвидува начини и форми за поттикнување на взаемната соработка помеѓу наставниците. Меѓусебната соработка и почитување играат важна улога во функционирањето на училиштето.Тука акцент се става на отворената комуникација, взаемното почитување на поединечни мислења како и критичноста и самокритичноста.
За остварување на продуктивна соработка помеѓу наставниците во училиштето ќе се формира тим. При тимската работа меѓу вработените се зголемува взаемното почитување и доверба, зголемена комуникација, позитивно решавање на наставнички проблемски ситуации.
Членовите на тимовите ќе одржуваат тековни но ефективни состаноци со конкретни предлози мерки и заклучоци. За таа цел училиштето во текот на целата учебна година ќе се грижи за професионалниот развој на наставниците и напоредно ќе се залага за нивно активно учество на работилници, обуки и семинари.
Сите овие предвидени активности се планира да се реализираат во согласност со потребите и барањата на училиштето и образовниот кадар во текот на учебната година.
Тимската работа овозможува унапредување на позитивната клима и култура во училиштето.

# 21. СОРАБОТКА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ СО РОДИТЕЛИТЕ/СТАРАТЕЛИТЕ

**Родителите се значајна алка во процесот на учење на учениците.**



Тие се важна поддршка на учениците во нивниот развој, како и во усвојување на вредностите и воспитувањето во целина. Родителите како и до сега ќе бидат во постојана комуникација и соработка со училиштето. Пред почетокот на учебната година од страна на училиштето, родителите ќе бидат запознаени со протоколите каде ќе биде потребно тие внимателно да ги прочитаат, да му ги објаснат на своето дете и да помогнат во придржувањето кон препораките кои се однесуваат за нив, за начинот на одржување на наставата, посебно на мерките, насоките, хигиената и општа заштита од непредвидените вируси.

## 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Вклученост на родителите во животот и работата на училиштето: Во училиштето активно делува советот на родители кој работи според претходно изготвена програма за работа. Родителите се вклучуваат во целокупната работа на училиштето и земаат улога во работењето на училишниот одбор. Училиштето и понатаму ќе ги вклучува родителите при организација и нивно учество на натпревари, приредби, промоции, манифестации, активности од проекти и слично, по протоколите за работа кои ќе бидат поставени во нашето училиште. Во училиштето пред почетокот на учебната година се изготвува распоред за прием на родителите/старателите,со одреден наставник, ден во неделата и час. Потоа се презентира планот за вклученоста на родителите во давање на идеи, предлози, мислења и донесување на одлуки, преку советот на родители и училиштниот одбор.

## 21.2. Вклученост на родителите во процесот на учење и воннаставните активности

Вклученост на родителите во процесот на учење: Родителите навремено се информираат за индивидуалниот напредок, дисциплина, изостаноци и социјализација на нивното дете преку индивидуални средби со одделенскиот раководител, предметните наставници и педагогот. Родителите и оваа учебна година ќе даваат поддршка во професионалната ориентација на учениците и ќе ги поддржуваат активностите за поддршка на талентираните и учениците со ПОП.
Вклученост на родителите во активностите на училиштето: Родителите помагаат на училиштето во организација на спортски активности, приредби и манифестации, ликовни и едукативни работилници, излети, научни посети, украсување на училиштето и помош во реализација на училишните проекти. Како членови на органите на училиштето активно ќе учествуваат во давање предлози за донесувањето одлуки во врска со изведување на екскурзиите, излетите, теренските настави во природа, оброкотза учениците, изборот за фотографирање на 9то одделенците, опременост на училиштето и слично.

## 21.3. Едукација на родителите и старателите

Едукацијана на родителите ќе се реализира преку работилници за Советот на родители, едукативни предавања реализирани на општите родителски средби, разговори и советувања.
Во училиштето се реализира програма за советување родители со која родителите се советуваат и едуцираат како да им помогнат на своите деца во надминување на проблемите и подобрување на училишниот успех. Вклученоста на семејствата во работата во училиштето ќе се одвива преку најразлични форми на организација. Согласно програмата за работа на училиштето ќе се одржат тековно планираните родителско-наставнички средби при што на родителите ќе им бидат соопштенисите информациите во врска со: животот и работата на училиштето, успехот, поведениeто и изостаноците на учениците, изборот на член во Совет на родители, осигурувањето, исхраната на учениците и слично.Пред почетокот од учебната година Директорот и педагогот на училиштето изработуваат брошура за родители со наведени податоци кои се однесуваат на работењето и организацијата на училиштето, при што истата им се презентира на родителите со цел родителите да бидат што повеќе информирани за работата на училиштето.
Комуникацијата со родителите ќе се одвива со доаѓање на родителите на училиште, преку тел. комуникација, или со покана преку педагогот во училиштето. За тековните активности на видни места во училштето ќе се истакнуваат сите потребни информации преку соодветни известувања и соопштенија како и преку веб и фсб страната на училиштето.

# 22. КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

**Локална заедница**
Општината Велес ја унапредува и продлабочува соработката со училиштата на нејзината територија. Претставници во Училишниот одбор од Општината допринесуваат во унапредување на работата на училиштето, присуствуваат на јавни настани кои ги реализира училиштето и ја следат дејноста на училиштето. Општината Велес и Општинските советници континуирано ги следат и поддржуваат активностите кои ги реализира нашето училиште.
Соработка со Општинскиот просветен инспектор, Советник за образование, Советник за спорт и физичка култура, Државниот просветен инспектор-подрачна единица Велес, БРО-подрачна единица Велес реализираат континуирана соработка, со цел промовирање на успесите на учениците.Училиштето планира и понатаму успешна соработка со локалната заедница, вклучување на локалното население и родителите во реализација на училишните проекти, преку усна, пишана и електронска комуникација (состаноци,средби, манифестации, дебати, трибини).
Преку комуникацијата со јавноста, нашето училиште врши и промоција на целокупните училишни активности со тоа што континуирано прави маркетинг преку медиумски настапи, училишната веб страна и училишните весници.Воспитно-образовната работа на ова програмско подрачје ја планираме со цел да се ставaт во педагошка функција сите ресурси што може да ги понуди локалната средина за поуспешно остварување на програмските задачи на училиштето.
Преку таа соработка, нашето училиште ќе влијае на подигнување на културно - образовното ниво на локалното население.
**Институции од областа на културата**
Во контекс на оваа област ќе се следат објавените литературни и ликовни конкурси, натпревари, посета на културно-историски споменици, библиотека, со следење на неколку театарски претстави за учениците од одделенска и предметна настава.
**Институции од областа на образованието**
Училиштето преку својата работа остварува соработка со другите училишта, соработка со Општина Велес, БРО, МОН, ДИЦ, Државен и општински просветен инспекторат, урбаните заедници, други институции во локалната средина, преку работилници, натпревари, турнири,еколошки и хуманитерни акции, реализација на наставни часови при посета на институциите и останати форми на соработка.
**Невладини организации**
Училиштето континуирано во текот на целата учебна година активно ќе соработува со повеќе невладини организации. Целта на соработката е подобрување на условите за работа во училиштето во однос на потребни ресурси, условите за учење на учениците, подигнување на свеста на учениците на повисоко ниво и сл. Соработката најчесто се реализира преку предавања, работилници, кои опфаќаат широк спектар на теми од секојдневниот живот и образованието.

**Спортски друштва**
Со цел да се афирмира спортот меѓу младите, нашето училиште и понатаму ќе соработува со спортски друштва, меѓу кои се: Активностите на спортските друштва кои ќе се реализраат преку учество на нашите ученици на локални, градски и државни натпревари во разни спортови.
На овој начин се поттикнува и спортскиот и натпреварувачкиот дух кај децата.
**Здравствени организации**
Соработка со здравствени институции. Бидејќи грижата за здравјето на учениците е една од најзначајните задачи во воспитно-образовниот процес,нашето училиште на овој план континуирано ќе соработува со голем број здравствени институции, меѓу кои се: Оддел за училишна медицина и училишна стоматологија, Центар за социјални грижи, Центар за јавно здравје. Преку соработката со овие институции перманентно, превентивно и континуирано се заштитува здравјето на учениците.
**Медиуми**
Медиумите се незаменлив дел од животот на современиот човек и несомнено влијаат на формирањето на мислењата, ставовите и однесувањата на учениците и младите.
Како и секое современо училиште и нашето училиште има соработка, афирмација на неговата работа за постигнатите резултати во соработка со медиумите. На овој начин и ученичките постигања во разни области добиваат можности за поширока афирмација.
Исто така задолжително се планираат да се следат сите објавени конкурси и натпревари на кои учениците земаат активно учество и резултатите од истите јавно ќе се соопштуваат преку учество во медиумите. Планирана е соработка со повеќе печатени и електроски медиуми: со МТВ, списанијата за деца и млади: Развигор, Другарче, Наш свет, дневниот печат.
Во училиштето има определено одговорни лица за остварување на контакт со медиумите. Соработката на нашето училиште со локалната средина е од посебно значење со единствена цел, училиштето што повеќе да се доближи до локалната средина и да се афирмира како културен и образовен центар. На отворениот ден по Граѓанско образование во учебната 2023-2024 година се планира да се повикаат советници, надворешни одговорни лица, претставници од локалната заедница, како и родители, така што пораката да се пренесе на поголем број чинители.
Со таа цел ќе се направи промоција на нашето училиште.
Јавноста континуирано ќе биде информирана за тековните активности на училиштето преку страните:
Fsb страната на училиштето **https://www.facebook.com/ooustojan.burcevskiburidan**
Web страната на училиштето **www.stojanburcevski.edu.mk**
E-mail на училиштето**: stojanburcevski@yahoo.com.**

## 23. СЛЕДЕЊЕ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО

Сите внесени содржини се во согласност со законските промени, ревидираните наставни планови и програми, со подзаконските акти и другите акти со кои се регулира животот и работата во училиштето. Раководните и управните органи, како и стручните органи и тела, постојано ќе се навраќаат на годишната програма за работа на училиштето, со цел да ја проверат и анализираат состојбата во врска со реализацијата на зацртаните активности, со можност за промени и дополнувања, а се во насока на подобрување на воспитно-образовниот процес. Составен дел на Годишната програма за работа ќе бидат и инструментите за следење, анализирање и вреднување на остварените содржини од овој план и програма. Целта на нашето училиште е од година во година да ги подобриме условите за работа и воспитно-образовната работа, со цел ученикот да усвои знаења, да ги развива способностите и вештините потребни за продолжување на школувањето, потоада ги продлабочи и прошири знаењата во функција на нивна практична примена, односно да се оспособи да го примени стекнатото знаење во разни области.
Настојуваме континуирано да го усовршуваме наставниот кадар за квалитетно реализирање на планираните активности, да го унапредуваме квалитетот на наставата и постигањата на учениците. Годишната програма за работа на училиштето е суштински документ кои треба ефикасно да не води при реализацијата на планираните активности со следење на сите субјекти во воспитно-образовниот процес. Изготвена е табела со приоритетни подрачја за следење, со начин и време на следење и одговорни лица.Според член 15 од Правилникот за начинот на изработка и донесување на годишната програма за работа на основното училиште, годишна програма може да се измени и дополни во текот на нејзината имплементација.

## 24. ЕВАЛУАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО

Евалуацијата за работа на училиштето ќе се реализира континуирано. Тековно ќе се следи и врши евалуација на реализираните активности предвидени со годишната програма.
Значајни појдовни точки се вреднување на предвидените развојни цели, задачи и приоритети за учебната 2023-2024 година. При евалуацијата на активностите посебно внимание треба да се осврне на собирањето докази, односно податоци поврзани со индикаторите односно критериумите за успех, со формирање заклучоци и препораки.Предвидени инструменти за доѓање до доказите ќе бидат преку: прашалници, документи, анализи, записници, опсервации, извештаи, увид во работата на учениците, процесот на набљудување, независни евалуациони извештаи и други инструменти.
Со следење на годишната програма за работа ги воочуваме квалитетите во работата, но и потреба од поставување нови повисоки цели за наредната учебна година. Настојуваме во континуитет да обезбедиме висок степен на одговорност и професионалност на сопствениот кадровски потенцијал во извршувањето на поставените задачи и цели.
Придржувајќи се на поставените елементи во годишната програма за работа на училиштето полесно ќе ја исполнуваме својата работа во целост во програмскиот и организацискиот дел.
Процесот на евалуација ќе биде заснован на искуството на сите што биле вклучени во имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште.

## 25. ЗАКЛУЧОК

**Годишната програма** е основен краткорочен развоен документ кој претставува оперативно планирање на севкупната работа на училиштето.
Во овој документ се наведени главните правци по кои треба да се „движи“ училиштето во текот на учебната година.
Тука се предвидени и конкретизирани активности на ниво на училиште, носителите на тие активности, термините за нивна реализација, одговорностите на училишните субјекти како и очекуваните исходи и ефекти од нивното остварување.
Програмата за работата на училиштето за учебната 2023/2024 година е документ во кој е испланирана работата на училиштето во сите области на работењето и во нејзиното изготвување учествуваа директорот, стручната служба, наставниците и административниот кадар.
Планирањето на сите активности во текот на учебната година опфатено со Годишната програма за работа е мошне важно за успешно изведување на воспитно - образовната работа и севкупниот училишен живот.
Сите тие активности се планира да се реализираат со максимално искористување на сите расположливи потенцијали и ресурси во училиштето, а со земање во предвид и прилагодување на способностите, можностите, желбите и интересите на учениците.
Целта на нашето училиште е од година во година да ги подобруваме и модернизираме условите за работа и воспитно-образовната работа, со цел ученикот да се стекне со квалитетни знаења, да ги развива способностите потребни за продолжување на школувањето, да ги продлабочи и прошири знаењата во функција на нивна практична примена, односно да се оспособи да го примени стекнатото знаење во разни области.
Настојуваме континуирано да го усовршуваме наставниот кадар за квалитетно реализирање на планираните активности, да го унапредуваме квалитетот на наставата и постигањата на учениците и да го отвораме училиштето кон локалната средина и кон разни институтции.
Со годишната програма за работа направен е обид да се разработат и конкретизираат воспитно-образовните задачи, да се синхронизираат сите работни задачи, да се обезбеди следење и информирање за квалитетот на извршената работа и објективно вреднување на постигнатите резултати.
Основното образование се развива врз низа на начела: право на бесплатно и квалитетно основно образование за секое дете, еднаквост, пристапност и инклизивност, обезбедување на квалитетно образование, меѓународна споредливост на знаењата на учениците, активно учество на учениците во животот, унапредување на сличностите и прифаќање на различностите, мултикултурализмот, грижата за здравјето на учениците, заштита од дискриминација,

автономност, компетентност и одговорност, изградено партнерство меѓу училиштето, родителите / старателите и единиците на локалната самоуправа.
На сите овие начела ќе се води и училиштето преку планираните и реализирани активности од годишната програма кои претставува најзначаен документ за работа на училиштето.

*Годишната програма е изработена согласно новите укажувања добиени од МОН и е во согласност со моменталната состојба во училиштето и врз основа на извршената самоевалуација.*

*Изработената годишна програма ќе подлежи на промени во зависност од состојбата во иднина и добивање на нови насоки за постапување од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.*
*Евентуалните промени и внесување на нови планови, програми, процедури ќе се вршат со анекси на годишната програма.*

## 26. КОМИСИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ООУ „ СТОЈАН БУРЧЕВСКИ БУРИДАН “ с. ИВАНКОВЦИ, ОПШТИНА ВЕЛЕС

**Директор: Трајче Недев**

**Тим на наставници при ООУ „Стојан Бурчевски Буридан“ с. Иванковци:**



Весна Христовска – предметен наставник ментор
Андријана Кариланова – предметен наставник
Маринела Пановска – предметен наставник

**Претставник од училишен парламент:**
Лука Ставрев

**Годишната програма за работата на ООУ „СТОЈАН БУРЧЕВСКИ БУРИДАН “ Иванковци за учебната 2023-2024 година ја изработија директорот и формираниот тим од наставници.**

**Во изработката на програмските прилози земаа учество одделенските и предметните наставници од училиштето, според своите определени задолженија и одговорности**.

## 27. Користена литература за изготвување на годишната програма

- Законот за основно образование(Службен весник на РСМ, бр.161/2019)
- Закон за работни односи
- Закон за јавни набавки
- Закон за наставници и стручни соработници
- Закон за работни односи
- Под-законски и интерни акти(Статут,етички кодекс, деловници за работа на органите,правилници)
- Правилникот за формата и содржината на годишната програма за работа на основното училиште
- Наставни планови и програми за основно образование од БРО
- Концепција за деветгодишно образование
- Нова концепција
- Статут на училиштето
- План и програма за развој на училиштето
- Програмата за работа на училиштето од претходната година
- Самоевалуацијата на училиштето
- Основните професионални компетенции на наставниците и стручните соработници
- Извештај од интегрална евалуација
- Уредби со законска сила
- Извештаи (годишен извештај на училиштето од претходната учебна година, од самоевалвација, програма за развој, извештај од интегрална просветна инспекција, извештаи за финасиското работење на училиштето, записници, анализи).
- Записници и инструменти од Општински и Просветен инспектор
- Упатството со Прирачник за одржување на училишни објекти
- Концепција за воннаставни активности
- Водич за ученичко учество, ученичко организирање и заштита на детските права во основните училишта
- Водич за слободни изборни предмети во основното образование
- План и протоколи за одржување на наставата во основните училишта
- Календар за организација и работа на основните училишта за учебната 2023/2024година
- Други документи и прилози

| | |
|---|---|
| **Претседател на Училишен одбор** | **Директор** |
| _________________________ | _________________________ |
| **Горан Трајковски** | **Трајче Недев** |

**М.П**

**Велес, Август 2023 година**

## ПРИЛОЗИ:

- ❖ Годишна програма за работа на: директор, педагог, училиштен одбор, совет на родители, наставнички совет, одделенски совет, стручни активи, библиотекар, хор и оркестар и инклузивни тимови.
- ❖ Акциони планови за реализација на сите проекти, и активностите од програмата за граѓанско образование
- ❖ Програма за работа на наставникот-ментор
- ❖ Програма за самоевалуација на училиштето
- ❖ Програма за родителски средби
- ❖ Програма за воннаставни ивонучилишни активности
- ❖ Програма за реализација на ученички натпревари
- ❖ Програма за дополнителна и додатна настава
- ❖ Програма за слободни изборни предмети
- ❖ Програма за општествено хуманитарни активности
- ❖ Програма за работа на заедницата на паралелката
- ❖ Програма за ученички парламент
- ❖ Програма за детската организација
- ❖ Програма за соработка со локална средина и локална заедница
- ❖ Програма за реализација на ученички екскурзии, излети, теренска настава
- ❖ Програма за грижа за здравјето на учениците
- ❖ Програма за јавна и културна дејност на училиштето
- ❖ Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди
- ❖ Програма и план за професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар
- ❖ Програма за соработка на основното училиште со родителите/старателите
- ❖ Програма за следење и евалуација на годишната програма за работа на основното училиште
- ❖ Програма за унапредување на мултикултурализмот/ меѓуетничката интеграција
- ❖ Проекти што се реализираат во основното училиште
- ❖ Програма за заедничка грижа за правилно насочување на учениците
- ❖ Програма за интеграција на еколошката едукација
- ❖ Програма за Вело активности
- ❖ Програма за антикорупциска едукација на учениците
- ❖ План за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето
- ❖ План за професионална ориентација на учениците
- ❖ План за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација
- ❖ План за следење и анализа на состојбите со оценувањето и поддршка на учениците за подобрување на резултатите
- ❖ План за нагледни часеви од стручни активи
- ❖ План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на наставниот кадар

## Документациски прилози за учебната 2023-2024 година

- ❖ Преглед на воспитно - образовниот кадар со часови
- ❖ Акциони планови за реализација на сите проекти во училиштето и акциски истражувања
- ❖ Листа на раководители на паралелки
- ❖ Преглед на стручните активи
- ❖ Листа на членовите од училишен одбор
- ❖ Листа на членовите од советот на родители
- ❖ Листа со наставници кои реализираат слободни изборни предмети
- ❖ Податоци за учениците
- ❖ Листа на ученици со етничка припадност
- ❖ Календар за организацијата и работата во основното училиште
- ❖ Распоред на часови
- ❖ Распоред на дежурни наставници во основното училиште
- ❖ Распоред за изведување на дополнителна, додатна настава и воннаставни активности
- ❖ Преглед на комисии, тимови и друго.
- ❖ Правилници за ученици, наставници и родители.